**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА**

# С Т А Т У Т

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА

Битола, февруари 2019

# С О Д Р Ж И Н А

***I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ*** ........................................................................4
Положба на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола....................4
Назив и седиште..........................................................................................4
Предмет на уредување.................................................................................5
*Академска заедница и Етички кодекс* ......................................................5
***II. АВТОНОМИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ***..................................................5
Мирно решавање на споровите ...................................................................7
***III. ДЕЈНОСТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ И НА ЕДИНИЦИТЕ***.......................8
Дејност на Универзитетот............................................................................8
Дејност на единиците на Универзитетот.....................................................9
***IV. СТУДЕНТИ*** ........................................................................................9
Статус и права и обврски на студенти.........................................................9
Посебни погодности за студентите кои се без родители, слепи, глуви, лица со инвалидност, мајки со деца до шестгодишна возраст и хоспитализираните ..........................................................................................10
Правила на студирање..................................................................................10
Рокови за завршување и начин за продолжување на студиите....................11
Престанок и обновување на статусот на студент ........................................11
Приговор на завршна оценка и барање за комисиско полагање на испит ...12
Дисциплинска одговорност .........................................................................12
Видови дисциплински повреди ...................................................................13
Видови на дисциплински мерки...................................................................14
***V. СТУДЕНТСКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ***.....................................................16
Заштита на правата на студентите .............................................................16
***VI. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ И***..............................................17
***УЧЕСТВО НА СТУДЕНТИТЕ ВО УПРАВУВАЊЕТО*** .............................17
Универзитетско студентско собрание .........................................................17
Органи на универзитетското студентско собрание......................................17
и начин на нивен избор ...............................................................................17
Факултетско студентско собрание и............................................................18
студентско собрание на висока стручна школа ...........................................18
Учество на студентите во управувањето.....................................................19
Финансирањето на студентските собранија.................................................19
***VII. СОСТАВ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ***......................................................20
Единици и придружни членки на Универзитетот ........................................20
Состав на Универзитетот .............................................................................20
*Статусни промени на Универзитетот* ........................................................21
***Статусни промени на единици на Универзитетот*** .................................21
Придружни членки .......................................................................................21
Услови за стекнување статус на придружна членка ....................................22
Високообразовна установа на верска заедница ..........................................22

како придружна членка на Универзитетот....................................................22
Престанок на статусот придружна членка ....................................................22
Својство на правно лице....................................................................................23
Одговорност на единиците ...............................................................................24
Овластувања на организационите единици....................................................24
***VIII. ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ..........................................25***
Застапување на Универзитетот........................................................................25
Претставување и застапување на единицата..................................................25
Печат, штембил, симболи и други обележја ...................................................25
Ректорски инсигнии...........................................................................................27
Одора ...................................................................................................................27
Патронен празник ..............................................................................................28
Универзитетски признанија...............................................................................28
***IX. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЕДИНИЦИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ....29***
***X. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ И ФОРМИ НА СОРАБОТКА.....................................................................................................29***
Внатрешна организација на Универзитетот и на неговите единици ...........29
Универзитетски компјутерски центар и единствен универзитетски информациски центар.......................................................................................30
Универзитетски центри......................................................................................31
Библиотечен систем...........................................................................................32
Заеднички одредби за внатрешните организациони единици.......................33
Основање на друга организација......................................................................33
***XI. СТРУЧНА И АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА ...............................34***
Внатрешна организација на стручната и административна служба на Универзитетот......................................................................................................34
***XII. ОРГАНИ И ТЕЛА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ И ЕДИНИЦИТЕ............36***
Органи и тела на Универзитетот......................................................................36
Универзитетски сенат........................................................................................36
***Начин на одлучување на Сенатот...............................................................40***
***Претседател на Сенатот ...............................................................................40***
Ректор..................................................................................................................43
Проректори.........................................................................................................54
Ректорска управа................................................................................................55
Универзитетски совет........................................................................................58
Начин на одлучување на Универзитетскиот совет........................................59
***Овластено лице за прием на пријави на корупција....................................60***
Работни тела и комисии на Универзитетот.....................................................60
***XIII. ОРГАНИ И ТЕЛА НА ЕДИНИЦИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ......62***
Наставно-научен, односно наставнички совет................................................62
Научен совет на научен институт.....................................................................62
Избор и разрешување на декан, односно директор .......................................62
***XIV. САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ..................................66***
***XV. РАЗВОЈ, ФИНАНСИРАЊЕ И ИМОТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ.........67***

Финансирање....67
Покривање на расходите....70
Финансиски план и завршна сметка....71
Даночен број....72
Финансиско и сметководствено работење....72
Недвижен имот....72
Располагање со недвижниот имот....72
Други ствари....73
***XVI. ВИСОКООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ....73***
Носители на студиите....74
Академски, стручен и научен назив....75
Содржина на студиските програми....76
Програми за стручно и професионално усовршување....77
Стручно образование пократко од три години....78
Доживотно учење....79
Далечинско учење....79
Еднакво вреднување на странско образование....80
Запишување нови предмети....80
Проверка на знаењето....80
Испитни рокови....81
Диплома и додаток на диплома....82
Промоција на лица кои завршиле докторски студиски програми од трет циклус....82
***XVII. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА, АПЛИКАТИВНА, СТРУЧНА, УМЕТНИЧКА И ТВОРЕЧКА ДЕЈНОСТ....83***
***XVIII. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА....86***
***XIX. ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ....88***
***XX. НАСТАВНО-НАУЧНИ, НАСТАВНО-СТРУЧНИ, НАСТАВНИ, НАУЧНИ И СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА....88***
Наставно-научни области во коишто се врши избор....88
Престанок на работен однос пред истекот на времето за кое е избрано лицето во наставно-научно, научно, наставно и соработничко звање....89
Визитинг наставници....91
Афирмирани научници, стручњаци од практиката и уметници....92
Почесен професор....92
Почесен доктор на науки....94
Професор емеритус....95
Престанок на работен однос поради исполнување на услови за пензија....96
***XXI. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА....97***
***XXII. НОРМАТИВНА ДЕЈНОСТ....98***
***XXIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ....101***

Врз основа на член 94 став 1 точка 1 од Законот за високото образование („Службен весник на РСМ“ бр. 82/2018), Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, на 168-та седница одржана на ден 18.02.2019 година, го донесе следниов

# С Т А Т У Т
# НА УНИВЕРЗИТЕТОТ
# „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### *Положба на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола*

**Член 1**

Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола е највисока автономна јавна високообразовна, научна, односно уметничка установа која го обезбедува единството во вршењето и развојот на високото образование, науката, уметноста и стручноста и непосредно и преку своите единици од различни студиски подрачја пренесува сознанија од повеќе научни односно уметнички подрачја, полиња, области и дисциплини.

Во состав на Универзитетот влегуваат јавни факултети, високи стручни школи и научни институти (во натамошниот текст: единици).

Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола има и придружни членки.

Во состав на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, може да се основаат и уметнички академии во согласност со законот.

### *Назив и седиште*

**Член 2**

Полниот назив на Универзитетот е:

**Република Северна Македонија – Универзитет „Св. Климент Охридски“- Битола.**

Скратениот назив на Универзитетот е:

**Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола,** а неговиот акроним е **УКЛО – Битола,** односно **UKLO – Bitola.**

Називот на англиски јазик е:

**University “St. Kliment Ohridski“ - Bitola, Republic of North Macedonia.** Седиштето на Универзитетот е во Битола, на Бул. „1 Мај” б.б.

### *Предмет на уредување*

**Член 3**

Со овој Статут се уредуваат: положбата и автономијата на Универзитетот; дејностите на Универзитетот и на единиците; прашањата за статусот, правата и обврските на студентите, дисциплинските мерки и повреди, студентскиот правобранител, организирањето на студентите и нивното учество во управувањето; составот на Универзитетот, единици и придружни членки, својството на правно лице на Универзитетот, статутарни и пренесени овластувања; статусни промени на Универзитетот и единиците; застапување и претставување на Универзитетот и на единицата; правата и обврските на единиците на Универзитетот; внатрешната организација на Универзитетот и формите на соработка; стручната и административна служба; органите и телата на Универзитетот и единиците; самоевалуацијата на Универзитетот; развојот, финансирањето и имотот на Универзитетот; високообразовната дејност; научната и истражувачката, апликативната, стручната, уметничката и творечката дејност; меѓународната соработка; издавачката дејност; наставно-научните области во коишто се врши изборот на наставниците и соработниците; доделувањето звање почесен професор и титула почесен доктор на науки на Универзитетот; јавноста во работата и нормативната дејност.

### *Академска заедница и Етички кодекс*

**Член 4**

Академската заедница ја сочинуваат лицата избрани во наставно-научни, научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања и студентите. Редовните професори остануваат членови на академската заедница и по нивното пензионирање.

Членовите на академската заедица на Универзитетот се должни да го применуваат Етичкиот кодекс на Универзитетот.

## II. АВТОНОМИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

**Член 5**

Високото образование во Република Северна Македонија се темели на автономија во согласност со Уставот на Република Северна

Македонија, Законот за високото образование и со ратификуваните меѓународни договори.

Универзитетот и единиците ја вршат својата дејност врз начелото на академската автономија, која ја вклучува и одговорноста на членовите на академската заедница кон општествената заедница кон која дејствуваат.

Со академската автономија се гарантира интелектуалната слобода на членовите на академската заедница и творечката природа на истражувачкиот и образовниот процес, како врвни вредности и способности.

Автономијата на Универзитетот и единиците вклучува академска слобода, автономија на управувањето, неповредливост на просторот, финансиска автономија, кадровска автономија и неприкосновеност на автономијата.

Автономијата на Универзитетот и единиците ужива судска заштита и тие имаат право да покренат постапка пред надлежен суд во случај на нејзина повреда.

### *Финансиска автономија*

### Член 6

Универзитетот и единиците во негов состав самостојно располагаат со средствата добиени од партиципација и/или школарина од студентите, како и со другите сопствени приходи.

Располагањето со средствата од ставот 1 на овој член се уредува со општ акт на Универзитетот и на единицата.

Универзитетот и единиците можат да формираат фондови и да основаат други форми на организирање од сопствени приходи, од донации и други извори, заради вршење на научно-истражувачка, уметничка, издавачка и применувачка дејност.

Универзитетот и единиците самостојно одлучуваат за акумулацијата на финансиските средства.

### *Неповредливост на академскиот простор*

### Член 7

Просторот на Универзитетот и на единиците во негов состав е неповредлив.

Просторот на Универзитетот го опфаќа просторот во кој се сместени и во кој се остварува дејноста на факултетите, високите стручни школи, научните институти, Ректоратот и другите придружни објекти наменети за живеење на студентите, културни активности и терени за

спортски активности на студентите и вработените на Универзитетот и земјиштето чијшто корисник е Универзитетот, односно единиците.

Полицијата и другите државни органи на безбедност не можат без согласнот на Ректорот, Деканот односно Директорот или на лице овластено од нив, да влегуваат во овој простор, освен за спречување на извршување кривично дело што непосредно претстои или на започнато кривино дело, за задржување на неговиот сторител, како и во случај на природни и други непогоди.

Дејствијата на органите на прогонот, што се преземаат со одлука на судот може да се спроведуваат само во присуство на овластено лице на Универзитетот и на единиците.

### *Неприкосновеност на автономијата*

### Член 8

Автономијата на Универзитетот не може да се нарушува со:

1. неповикано учество во дејноста на високообразовната установа,
2. извршување на високообразовна и друга дејност што ги загрозува правата на членовите на академската заедница.

На Универзитетот се забранува партиско организирање и дејствување и истакнување партиски обележја, како и верско организирање и дејствување и истакнување верски обележја.

Автономијата на Универзитетот не смее да се толкува на начин којшто вклучува повреда на човековите права.

### Член 9

Деканите, односно директорите на единиците, кога ќе констатираат нарушување на принципите на автономијата, се должни, без одлагање, за истото да го известат Ректорот на Универзитетот.

Ректорот, во соработка со лицата од став 1 на овој член, презема мерки за отстранување на причините што довеле до нарушување на автономијата на Универзитетот.

### *Мирно решавање на споровите*

### Член 10

Евентуално настанатите спорови меѓу членовите на академската заедница, како и споровите меѓу единиците, се решаваат спогодбено, во заедничките органи, арбитражно и на друг начин на разбирање.

Доколку спорот не може да се разреши на начин како е определено во претходниот став, Ректорот формира совет за посредување, кој учествува и помага во разрешувањето на настанатата состојба.

Советот изготвува извештај што го доставува до Ректорот, кој може да одлучи по истиот или да го достави до Ректорската управа.

Ако Ректорот, односно Ректорската управа не го прифати извештајот, Ректорската управа формира арбитража.

Одлуката на арбитражата е задолжителна за страните од спорот.

При решавањето на споровите не може да се попречува редовното извршување на дејноста на Универзитетот и на единиците. Во спротивно, Ректорот е должен да свика вонредна седница на Ректорската управа заради преземање соодветни мерки за спречување, односно за отстранување на последиците предизвикани од настанатата состојба.

Доколку спорот од ставот (1) на овој член не може да се реши на некој од начините предвидени во ставот (1) на овој член, спорот се решава по судски пат.

## III. ДЕЈНОСТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ И НА ЕДИНИЦИТЕ

### *Дејност на Универзитетот*

#### Член 11

Универзитетот ги интегрира функциите на своите единици (функционална интеграција на образовна, научна и уметничка дејност) и со своите органи го обезбедува нивното усогласено дејствување, во согласност со Законот за високото образование, како и преку:

1. поврзаност на наставата со науката,
2. учество во домашни и во меѓународни проекти,
3. остварување соработка и партнерство со: универзитети, национални и други академии, бизнис-заедницата, јавни и приватни институти и центри и со други домашни и странски субјекти, заради унапредување на високообразовната, научно-истражувачката и применувачката, односно апликативната дејност,
4. организирање заеднички студиски програми,
5. организирање заеднички студиски програми со домашни и со странски високообразовни установи,
6. организирање меѓународни студиски програми и унапредување на европската димензија во високото образование,
7. организирање зимски/летни универзитети/школи и други форми на едукација,
8. организирање разни видови манифестации, натпревари и други настани,
9. организирање студии вон Република Северна Македонија,
10. учество во меѓународни програми и сл.,
11. грижа за имотот,

12. заштита и обезбедување на имотот на Универзитетот и обезбедување на вработените,
13. спортски и културни активности,
14. сопствени медиуми,
15. трансфер на технологии,
16. основање установи, трговски друшва, во согласност со Законот и овој Статут,
17. развој на нови дејности,
18. вршење други дејности и работи определени со закон и со овој Статут.

### *Дејност на единиците на Универзитетот*

#### Член 12

Единицата на Универзитетот, во рамките на својата дејност утврдена со Законот за високото образование, ја остварува дејноста и преку:

1. грижа и преземање мерки за усовршување на кадрите што изведуваат високообразовна, научно-истражувачка и уметничка дејност и за кадрите во стручната и административната служба,
2. реализирање домашни и меѓународни проекти,
3. соработување со стопански и нестопански субјекти и реализирање на апликативна дејност,
4. грижа и преземање мерки за тековно и инвестициско одржување на објектите и имотот,
5. организирање школи (летни/зимски),
6. организирање спортски, културни и други манифестации и активности,
7. вршење и други работи утврдени со закон и со овој Статут.

## IV. СТУДЕНТИ

### *Статус и права и обврски на студенти*

#### Член 13

Статусот на студент, а со тоа и член на академската заедница се стекнува со запишување на прв, втор и трет циклус студии на Универзитетот.

Статусот на студент се докажува со индекс или со студентска легитимација.

### Член 14

Студентите имаат права и обврски утврдени со закон, овој Статут, статутот на единиците и со актите на Универзитетот и на единиците.

## *Посебни погодности за студентите кои се без родители, слепи, глуви, лица со инвалидност, мајки со деца до шестгодишна возраст и хоспитализираните*

### Член 15

Студентите кои се без родители, слепи, глуви, лица со инвалидност, мајки со деца до шестгодишна вораст и хоспитализираните имаат право и на полагање на испити во дополнителни испитни рокови, најмногу двапати во текот на годината.

Овие студенти можат да поднесат барање до Деканатската управа на единицата на Универзитетот за добивање и на други погодности во текот на студирањето и тоа: ослободување од плаќање од определени надоместоци (плаќање за полагање во дополнителен испитен рок, за издавање уверение за положени испити и диплома).

## *Правила на студирање*

### Член 16

Студиската година започнува на 01 октомври, а завршува на 30 септември следната година и се дели на два семестри, зимски и летен.

Зимскиот семестар започнува на 01 октомври и завршува на 14 февруари, а наставата трае од 01 октомври до 15 јануари.

Летниот семестар започнува на 15 февруари и трае до 30 септември, а наставата трае од 15 февруари до 31 мај.

### Член 17

Испитите се спроведуваат писмено, писмено и усно или усно во согласност со условите утврдени во студиската програма.

За спроведување на испитите се определуваат 3 (три) испитни рокови, и тоа:

1. февруарски,
2. јунски и
3. септемвриски.

Со одлука на Наставно-научниот, односно Наставничкиот совет, во оправдани случаи, за одредени категории или генерации студенти, можат

да се утврдат најмногу уште два испитни рока во текот на академската година.

Поблиски одредби за испитниот режим се утврдуваат со општ акт на Универзитетот односно на единицата.

**Член 18**

Врз основа на евиденцијата определена со Законот за високото образование на студентот му се издаваат следниве документи:

1. индекс,
2. студентска легитимација,
3. уверение,
4. диплома,
5. додаток на диплома.

Корицата на индексот е во кафеава боја, со букви со златна боја.

***Рокови за завршување и начин за продолжување на студиите***

**Член 19**

Роковите за завршување и начинот на продолжување на студиите на прв, втор и трет циклус студии се утврдуваат со закон, овој Статут и општ акт на Универзитетот.

***Престанок и обновување на статусот на студент***

**Член 20**

На студентот му престанува статусот на студент ако:

1. дипломира,
2. не ги заврши студиите во рокот утврден со законот и актите на Универзитетот и на единицата,
3. се испише,
4. е исклучен,
5. во други случаи утврдени со законот и актите на Универзитетот и на единицата.

Статусот од ставот 1 на овој член може да биде обновен според постапка утврдена со актите на Универзитетот.

По обновувањето на статусот, студентот може да ги продолжи студиите според студиска програма што се применува.

Доколку е изменета студиската програма, студентот е должен да ги исполни различните обврски и да ги ислуша и полага различните предмети во студиската програма.

Студентот на којшто му е обновен статусот ги продолжува студиите во согласност со правилникот на Универзитетот со кој се регулираат постапката и правилата за студирање.

***Приговор на завршна оценка и барање за комисиско полагање на испит***

**Член 21**

Студентот има право на приговор доколку е незадоволен од завршно оценување, односно од оценката или ако смета дека испитот не е спроведен во согласност со Законот за високото образовние, со Статутот на Универзитетот, Статутот на единицата или друг општ акт на Универзитетот.

После три неуспешни полагања на завршниот испит по одреден предмет, студентот има право, при пријавувањето на испитот, до Деканот/Директорот на единицата, да поднесе барање за полагање на испитот пред комисија.

Подетални одредби за претходните два става се утврдени во правилник на Универзитетот.

***Дисциплинска одговорност***

**Член 22**

Постапката за дисциплинска одговорност се спроведува врз начелото на праведност и сослушување од страна на Комисијата за дисцииплински мерки.

Дисциплинската постапка се води на единицата на која студира студентот.

Повреда на должностите и неисполнување на обврските на студентите претставува секоја повреда на Законот, овој Статут, Статутот на единицита или друг општ акт на Универзитетот или единицата, со кои се регулираат правата и обврските на студентите.

Дисциплинските мерки ги изрекува Комисија за дисциплински мерки на единицата.

Комисијата за дисциплински мерки е составена од 3 (три) члена и нивни заменици, од кои 2 (два) од редот на наставниците и соработниците и 1 (еден) од редот на студентите на единицата. Членовите и замениците од Комисијата за дисциплински мерки од редот на наставниците и соработниците ги избира Наставно-научниот/Наставничкиот/Научниот совет за време од 3 (три) академски години. Мандатот на студентот и неговиот заменик трае 1 (една) академска година.

Со Комисијата раководи претседател, избран од редот на наставниците.

Комисијата поднесува годишен извештај до Наставно-Научниот/Наставничкиот совет.

### *Видови дисциплински повреди*

**Член 23**

Како лесни дисциплински повреди се сметаат:

1. нарушување на јавниот ред и мир во текот на наставата,
2. непристојно однесување кон наставниците, соработниците или другите вработени како и кон студентите,
3. регистрирање присуство на друг студент,
4. небрежно однесување кон имотот на Универзитетот што може да доведе до оштетување на истиот.

**Член 24**

Како тешки дисциплински повреди се сметаат:

1. користење направи за телефонска и електронска комуникација во текот на испитите,
2. препишување или давање било каква помош на друг студент во текот на испитите,
3. самоволно регистрирање заради добивање бодови од активност,
4. недозволено носење опрема за аудио и/или видео фиксирање на авторско дело, вклучувајќи и приклучени мобилни телефони, при изведувањето на предавањата, вежбите и интерактивната настава,
5. плагијаторство во форма на поднесување туѓ семинарски или дипломски труд со свое име,
6. физички напад со нанесување лесна или тешка телесна повреда,
7. вербална или реална навреда на наставник или соработник,
8. давање неточни податоци на органите на единицата,
9. неовластен пристап и користење податоци и документи од Универзитетот односно единицата,
10. упад во информатичкиот систем на Универзитетот, односно единицата (веб-страница, електронски досиеја и слично),
11. оштетувања на имот на Универзитетот односно единицата со проценета вредност во износ над 100 евра во денарска противредност, поради непридржување кон пропишаните правила или несовесен однос кон имотот на Универзитетот, како и присвојување предмети што се во сопственост на Универзитетот односно единицата и
12. повторени две лесни дисциплински повреди.

***Видови на дисциплински мерки***

**Член 25**

За сторена дисциплинска повреда, на студентот може да му се изрече една од следниве дисциплински мерки:

1. опомена,
2. јавна опомена и
3. исклучување - кое се применува за учебната година во која мерката е изречена.

Мерката исклучување може да се замени со мерка забрана за полагање на испитите до 3 испитни рока.

Со цел индивидуализација во определувањето на дисциплинските мерки, се води сметка за приспособување на изречената мерка според тежината на сторената дисциплинска повреда.

Доколку дисциплинската повреда е сторена во врска со наставата (предавања, вежби, континуирано и завршно оценување), со изрекувањето на дисциплинската мерка на студентот може да му се забрани полагање колоквиум или испит по соодветниот предмет во наредниот испитен рок.

**Член 26**

Студентите одговараат доколку повредата на должностите или неисполнувањето на обврските го сториле смислено или од невнимание.

Постапката за утврдување на дисциплинската одговорност се поведува врз основа на писмено барање на Деканот, односно Директорот, по поднесена писмена пријава за направена дисциплинска повреда.

Пријава за направена дисциплинска повреда може да поднесе наставник, соработник, референт за студентски прашања или друго лице вработено во единицата.

Дисциплинската постапка е итна.

Пријавата се поднесува до Деканот, односно Директорот.

**Член 27**

Пријавата за направена дисциплинска повреда содржи:

1. име и презиме на лицето кое ја поднело пријавата,
2. податоци за сторителот на повредата,
3. опис на настанот,
4. докази за утврдување одговорност.

**Член 28**

Врз основа на поднесената пријава за направена дисциплинска повреда Деканот/Директорот во рок од 5 (пет) дена од денот на поднесување на пријавата доставува барање за поведување на

дисциплинска постапка до Комисијата за дисциплински мерки на единицата.

**Член 29**

Комисијата донесува решение за поведување дисциплинска постапка по приемот на барањето од Деканот/Директорот.

Решението од став 1 на овај член се доставува до:

1. подносителот на пријавата за направена дисциплинска повреда,
2. до Деканот и
3. студентот против кого се поведува дисциплинската постапка на начин на кој може да се утврди дали и кога доставата е извршена.

**Член 30**

При одмерувањето на дисциплинската мерка, Комисијата ја зема предвид тежината на повредата, односно неисполнувањето на обврските, големината на штетата, олеснителните и отежнувачките околности и друго.

За денот на расправата пред Комисијата студентот се известува со покана доставена лично или преку препорачано писмо на адресата што студентот ја пријавил како домашна во досието на единицата. Доколку тоа не е можно, известувањето се врши со истакнување на истото на огласната табла и на веб-страницата на единицата, при што по истекот на рокот од 5 (пет) дена се смета дека доставата е уредно извршена.

Доколку студентот кој е уредно поканет, не се појави пред дисциплинската комисија и не го оправда отсуството, Комисијата ќе одлучи врз основа на достапниот доказен материјал.

Постапката пред Комисијата трае најдолго 15 дена сметано од денот на приемот на барањето за поведување дисциплинска постапка од страна на Деканот/Директорот.

**Член 31**

Дисциплинската комисија со одлука може:

1. да го отфрли барањето поради застареност на постапката,
2. да го одбие барањето поради недостаток на докази или
3. да изрече дисциплинска мерка.

**Член 32**

Одлуката за изрекување на дисциплинската мерка се доставува до:

1. подносителите на пријавата и на барањето,
2. студентот,
3. архивата,
4. службата за студентски прашања.

**Член 33**

Против одлуката на Комисијата за дисциплински мерки студентот има право на приговор до Наставно-научниот/Наставничкиот/Научниот совет на единицата во рок од 8 (дена) од нејзиниот прием.

Во рок од 30 (триесет) дена од приемот, Наставно-научниот /Наставничкиот/Научниот совет го разгледува и донесува одлука по приговорот, со која:

1. го отфрла приговорот како недозволен или ненавремен,
2. ја потврдува одлуката за изрекување дисциплинска мерка донесена од Комисијата,
3. го прифаќа приговорот како основан и ја преиначува одлуката за изрекување дисциплинска мерка.

Одлуката на Наставно-научниот/Наставничкиот/Научниот совет по приговорот е конечна.

**Член 34**

Изречената дисциплинска мерка се објавува на огласната табла и на веб-страницата на единицата, а еден примерок од одлуката се чува и впишува во досието на студентот.

**Член 35**

Поведувањето дисциплинска постапка застарува во рок од 60 (шеесет) дена од дознавањето за направената дисциплинска повреда, а водењето во рок од 6 (шест) месеци од направената дисциплинска повреда.

## V. СТУДЕНТСКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ

### *Заштита на правата на студентите*

**Член 36**

Заради заштита на правата на студентите на Универзитетот се избира студентски правобранител.

Студентски правобранител се избира од редот на редовните студенти на Универзитетот.

# VI. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ И УЧЕСТВО НА СТУДЕНТИТЕ ВО УПРАВУВАЊЕТО

## *Универзитетско студентско собрание*

### Член 37

Универзитетското студентско собрание е тело на Универзитетот во кое членуваат претставници на студентите.

Универзитетското студентско собрание ги штити интересите на студентите, учествува преку свои претставници во одлучувањето во органите и телата на Универзитетот и ги претставува студентите во рамки на високото образование како членови на академската заедница.

### Член 38

Универзитетското студентско собрание е составено од по двајца претставници на студентите именувани од редот на претставниците избрани во факултетските студентски собранија и студентското собрание на високата стручна школа.

Мандатот на членовите на Универзитетското студентско собрание трае една година со право на уште еден избор.

## *Органи на универзитетското студентско собрание и начин на нивен избор*

### Член 39

Универзитетското студентско собрание има претседател, извршен орган, надзорен орган, а по потреба и други помошни тела.

Претседателот на Универзитетското студентско собрание се избира од редот на претставниците именувани во Универзитетското студентско собрание.

Претседателот на Универзитетско студентско собрание треба да биде редовен студент.

Мандатот на претседателот на Универзитетско студентско собрание е една година, со право на уште еден избор.

Универзитетското студентско собрание го сочинуваат по двајца претставници од секое Факултетско студентско собрание и од Студентското собрание на Високата медицинска школа.

Извршниот орган брои пет члена и истите ги избира Универзитетското студенско собрание од редот на редовните студенти со мандат од една година, со право на уште еден избор.

Надзорниот орган брои три члена и истите ги избира Универзитетското студенско собрание од редот на редовните студенти со мандат од една година, со право на уште еден избор.

Членовите на извршниот и надзорниот орган треба да бидат од различни единици на Универзитетот.

За избор на членови на извршниот и надзорниот орган може да се одлучува доколку на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на Собранието, а одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови.

**Член 40**

По претходна согласност од Универзитетскиот сенат, Универзитетското студентско собрание донесува статут, доколку на седницата се присутни 2/3 од вкупниот број на членови, а статутот се смета за донесен доколку за него гласале мнозинство од присутните членови.

***Факултетско студентско собрание и студентско собрание на висока стручна школа***

**Член 41**

Членовите и претседателот на факултетското студентско собрание, се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање, со мандат од една година и со право за уште еден избор.

**Член 42**

Изборите, со одлука, ги распишува Деканот на факултетот, односно Директорот на високата стручна школа во рок од 30 дена пред нивното одржување. Изборите се спроведуваат во работни денови во текот на неделите за настава во соодветниот семестар.

Во одлуката од став 1 на овој член, Деканот, односно Директорот именува изборна комисија која ќе ги спроведе изборите за членови на факултетското студентско собрание, односно на студентското собрание на високата стручна школа.

Во изборната комисија членуваат тројца студенти и двајца наставници, односно соработници.

Комисијата од став 3 на овој член избира избирачки одбори/поткомисии составени од двајца студенти и еден наставник, односно соработник за спроведување на изборите.

**Член 43**

Постапката за избор, број на членови, органи на студенското собрание и начин на нивниот избор и разрешување се уредува со Статутот на факултетот, односно високата стручна школа.

***Учество на студентите во управувањето***

**Член 44**

Претставниците на Универзитетското студентско собрание во органите и телата на Универзитетот, на состанок, ги избира и разрешува Универзитетското студентско собрание и до Ректорот доставува записник и одлука за избор или разрешување, потпишана од претседателот, во рок од 3 дена по извршениот избор или разрешување.

**Член 45**

Факултетското студентско собрание, односно студентското собрание на Високата стручна школа, ги избира и разрешува претставниците на студентите во органите и телата на Факултетот односно Високата стручна школа, во согласност со Законот за високото образование, овој Статут и статутот на единицата.

Претседателот или овластено лице на факултетското студентско собрание односно студентското собрание на високата стручна школа, свикува состанок на кој се врши избор или разрешување на претставници на студентите во органите и телата на факултетот за што до Деканот, односно Директорот, доставува потпишани записник и одлука за извршен избор или разрешување, во рок од 3 (три) дена по извршениот избор или разрешување.

***Финансирањето на студентските собранија***

**Член 46**

Работата на Универзитетското студентско собрание се финансира од средства на Универзитетот, како и од: легати, подароци, завештанија, прилози и други извори, во согласност со планот и програмата за работа на собранието, како и со планот за финансирање на студенските активности и можностите на Универзитетот.

Универзитетот врши надзор над наменското трошење на средствата кои ги доделува на Универзитетското студентско собрание.

Надзорот опфаќа поднесување извештај од страна на Универзитетското студентско собрание до Ректорот на Универзитетот, за наменското користење на доделените средства за определена активност.

Доделувањето и користењето на средствата, како и вршењето на надзорот, ќе се регулира со општ акт на Универзитетот.

**Член 47**

Работата на факултетските студенски собранија и на студентското собрание на Високата стручна школа се финансира од средствата на единицата, како и од легати, подароци, завештанија, прилози и други извори, според планот за активности и можностите на единиците, а во согласност со законот и актот на единицата.

## VII. СОСТАВ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

### *Единици и придружни членки на Универзитетот*

**Член 48**

Во состав на Универзитетот се: факултети, високи стручни школи и научни институти како единици на Универзитетот.

Како единици на Универзитетот можат да се формираат и уметнички академии.

Во состав на Универзитетот со статус на придружни членки под условите утврдени со овој Статут членуваат и други установи и организации чија основна дејност е функционално поврзана со високообразовната и научната дејност.

### *Состав на Универзитетот*

**Член 49**

Постојните факултети и високи стручни школи во состав на Универзитетот продолжуваат да работат како единици на Универзитетот во согласност со законот.

Единици во состав на Универзитетот се следниве факултети, високи стручни школи и научни институти:

1. Економски факултет – Прилеп,
2. Факултет за биотехнички науки – Битола,
3. Технички факултет – Битола,
4. Педагошки факултет – Битола,
5. Факултет за туризам и угостителство – Охрид,
6. Факултет за безбедност– Скопје,
7. Факултет за информатички и комуникациски технологии – Битола,
8. Правен факултет – Кичево,
9. Ветеринарен факултет – Битола,
10. Технолошко-технички факултет – Велес,
11. Висока медицинска школа – Битола,
12. Научен институт за тутун – Прилеп.

### *Статусни промени на Универзитетот*

**Член 50**

Универзитетот може да се спои, подели или присоедини под условите и постапката утврдени со Законот за високото образование, Законот за установи и овој Статут.

Спојувањето и присоединувањето се врши со спогодба за спојување или присоединување, а поделбата со одлука за поделба.

### *Статусни промени на единици на Универзитетот*

**Член 51**

Единица на Универзитетот може да се присоедини кон друг универзитет, а единиците во состав на Универзитетот можат да извршат статусни промени, односно да се спојат, поделат и присоединат, под услови и постапка утврдени со Законот за високото образование.

### *Придружни членки*

**Член 52**

Во состав на Универзитетот, со статус на придружни членки, чија основна дејност е претежно поврзана со високообразовната дејност, се следниве установи и организации:

1. ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид,
2. ЈНУ Институт за старословенска култура – Прилеп,
3. Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски” – Битола,
4. Државен студентски дом „Кочо Рацин” – Битола,
5. Државен студентски дом „Никола Карев“ – Охрид.

**Член 53**

Придружна членка на Универзитетот може да стане и друга установа или организација која ги исполнува условите утврдени со законот и овој Статут, ако поднесе барање за пристапување.

Одлука донесува Универзитетскиот сенат, на предлог на Ректорската управа.

### *Услови за стекнување статус на придружна членка*

**Член 54**

Како придружни членки можат да пристапат јавни установи и други организации доколку претходно ја докажат нивната функционална поврзаност со високообразовната и научната дејност и поднесат барање за пристапување во Универзитетот.

Барањето од претходниот став содржи образложение за причините, придонесот, за резултатите што се очекуваат со нивното учество во остварувањето, унапредувањето и потпомагањето на дејноста на Универзитетот како и изјава потпишана од овластено лице дека ги прифаќаат Статутот и другите акти на Универзитетот.

Доколку се исполнети условите од претходниот став од овој член одлука за пристапување донесува Сенатот на предлог на Ректорската управа.

### *Високообразовна установа на верска заедница како придружна членка на Универзитетот*

**Член 55**

Високообразовна установа на верска заедница може да пристапи кон Универзитетот доколку се утврди заеднички интерес помеѓу Универзитетот и високообразовната установа во остварувањето на високообразовната дејност.

Со пристапувањето кон Универзитетот, високообразовната установа на верската заедница стекнува придружно членство.

Одлука за пристапување на вискообразовната установа на верска заедница кон Универзитетот донесува Универзитетскиот сенат на предлог на Ректорската управа.

**Член 56**

Одредбите од овој Статут за правата и обврските и нивното учество во работата на органите и телата на Универзитетот утврдени за придружните членки на Универзитетот се однесуваат и на високообразовната установа на верска заедница со својство на придружна членка на Универзитетот.

### *Престанок на статусот придружна членка*

**Член 57**

Придружните членки не смеат да го остваруваат статусот спротивно на интересите на Универзитетот.

Доколку Ректорската управа утврди дека статусот се остварува спротивно на интересите на Универзитетот, утврдени со Законот и овој

Статут, за тоа ѝ укажува на придружната членка и поведува постапка за престанок на статусот.

**Член 58**

Статусот на придружна членка во Универзитетот престанува со престанок на својство на правно лице на установата, односно организацијата.

Статусот на придружната членка ѝ престанува и кога повеќе не ги исполнува условите да биде придружна членка на Универзитетот утврдени со овој Статут.

Одлука за престанок на статусот донесува Универзитетскиот сенат по предлог на Ректорската управа.

***Својство на правно лице***

**Член 59**

Универзитетот е самостојна високообразовна установа и има својство на правно лице.

Универзитетот има сметки на кои се водат средствата стекнати од Буџетот на Република Северна Македонија и сметки на кои се водат средствата стекнати од други извори и посебни приходи.

Во правниот промет со трети лица Универзитетот настапува во свое име и за своја сметка. За обврските преземени во правниот промет со трети лица Универзитетот одговара со средствата стекнати од Буџетот на Република Северна Македонија, од други извори и од посебни приходи.

При исполнувањето на обврските што Универзитетот ги има кон трети лица, исполнувањето не може да се изврши од средствата на единиците со кои истите самостојно располагаат, во согласност со овој Статут.

***Статутарни овластувања***

**Член 60**

Единиците на Универзитетот немаат својство на правно лице, но имаат права и обврски, определени со Законот и со овој Статут.

Единиците на Универзитетот настапуваат во правниот промет според овластувањата определени со овој Статут.

Во рамките на сметките на Универзитетот од член 59 од овој Статут, единиците имаат сметки на коишто се водат средствата стекнати од Буџетот на Република Северна Македонија и сметки на коишто се водат средствата стекнати од други извори.

Единиците на Универзитетот самостојно, во свое име и за своја сметка, во рамките на своите овластувања, настапуваат во правниот промет со трети лица заради остварување на дејностите утврдени со Законот, овој Статут и актите на Универзитетот.

Единиците на Универзитетот самостојно, во свое име и за своја сметка, настапуваат во правниот промет со трети лица во располагањето со средствата стекнати од Буџетот на Република Северна Македонија (член 198 став 1 точка 1) и со средствата стекнати од други извори (член 198 став 1 точка 2), по намирувањето на обврските утврдени со член 201 од овој Статут.

### *Пренесени овластувања*

**Член 61**

Покрај овластувањата наведени во претходниот член, единиците на Универзитетот во правниот промет можат да настапуваат и со овластување од Ректорот.

Единиците на Универзитетот со овластување на Ректорот самостојно располагаат со средствата стекнати од посебни приходи (член 198, став 1, точка 3) по намирувањето на обврските утврдени со член 201 од овој Статут.

### *Одговорност на единиците*

**Член 62**

За обврските преземени во правниот промет со трети лица, единиците одговараат со средствата со кои самостојно располагаат, во согласност со овој Статут.

При исполнувањето на обврските што единицата ги има кон трети лица, исполнувањето не може да се изврши од средствата на Универзитетот и од средствата на другите единици.

### *Овластувања на организационите единици*

**Член 63**

Организационите единици во состав на Универзитетот можат да имаат определени права во правниот промет и во поглед на управувањето и раководењето, во обем и под услови определени со актот за основање.

За обврските на организационите единици неограничено одговара Универзитетот.

# VIII. ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ

***Застапување на Универзитетот***

**Член 64**

Ректорот го претставува и застапува Универзитетот во земјата и странство во рамките на своите надлежности утврдени со Законот, овој Статут и другите акти на Универзитетот.

Овластувањата на Ректорот се запишуваат во Централниот регистар. Актите и документите во надлежност на Универзитетот ги потпишува Ректорот.

Ректорот може да пренесе дел од своите овластувања на проректорите.

***Претставување и застапување на единицата***

**Член 65**

Во рамките на своите надлежности утврдени со закон, овој Статут и другите акти на Универзитетот, Деканот, односно Директорот, го претставува факултетот, односно високата стручна школа/научниот институт.

Деканот, односно Директорот ја застапува единицата во граѓанско-правниот промет со трети лица заради остварување на дејноста на единицата.

За овластувањата предвидени во ставовите 1 и 2 од овој член, Деканот, односно Директорот, сноси целосна одговорност за дејствијата и постапките поврзани со овластувањата дадени со овој Статут.

Овластувањата на Деканот, односно Директорот, се запишуваат во Централниот регистар.

Документите во надлежност на единицата ги потпишува Деканот, односно Директорот.

Деканот, односно Директорот, може да пренесе дел од своите овластувања на продеканите, односно заменикот-директор.

***Печат, штембил, симболи и други обележја***

*Печат*

**Член 66**

Универзитетот има печат со кружен облик, во средината е грбот на Република Северна Македонија и натпис во два реда. Во надворешниот ред: Универзитет „Св. Климент Охридски” – Битола, а во внатрешниот ред

Република Северна Македонија. Печатот се употребува за заверување исправи и документи што ги издава Универзитетот.

Жигот на Универзитетот (сув печат) ја има истата содржина и форма како и печатот на Универзитетот, а се употребува за заверување дипломи, додаток на дипломи и повелби коишто ги издава Универзитетот.

Печатот на единицата, покрај својот назив и седиште, задолжително го содржи и името: Република Северна Македонија и Универзитет „Св. Климент Охридски” – Битола.

Поблиски одредби за печатот на единицата се утврдуваат со статутот на единицата, во согласност со овој Статут.

*Штембил*

**Член 67**

Штембилот на Универзитетот има правоаголна форма, најгоре е грбот на Република Северна Македонија, а потоа редоследно напишан текст: Република Северна Македонија и Универзитет „Св. Климент Охридски”, место за пишување деловоден број, потоа место за датум и на крајот пишува Битола.

Штембилот се употребува за архивско работење на Универзитетот.

Употребата и чувањето на амблемот, сувиот жиг, печатот и знамето се врши од страна на стручната служба на Универзитетот, на начин утврден со посебен акт.

Единицата на Универзитетот има свој штембил во кој задолжително стои името: Република Северна Македонија и Универзитет „Св. Климент Охридски” – Битола.

Поблиски одредби за штембилот на единицата се утврдуваат со статутот на единицата, во согласност со овој Статут.

*Симболи*

**Член 68**

Симболи на Универзитетот се: грб, знаме и химна.

Со грбот, знамето и химната се претставуваат Универзитетот и единиците во негов состав.

*Грб*

**Член 69**

Грбот на Универзитетот симболизира: прогрес, наука, историја и писменост.

Ликовно-графичкиот приказ на грбот (амблемот) е следниов:

Грбот се употребува на знаме, дипломи, плакети, признанија, меморандуми, изданија на Универзитетот и друго.

*Знаме*

**Член 70**

Знамето на Универзитетот има златно-жолта боја и го содржи грбот (амблемот) на Универзитетот и има правоаголна форма. Знамето се истакнува на разни свечености од значење за Универзитетот.

Знамето на Универзитетот стои постојано истакнато на објектот на Ректоратот на Универзитетот и објектите на единиците.

*Химна*

**Член 71**

Универзитетот има своја химна, која се изведува на прослави, промоции и други свечени и спортски манифестации на Универзитетот и единиците, на меѓународни универзитетски средби и други манифестации.

Химната се изведува со свирење, со пеење или комбинирано.

*Ректорски инсигнии*

**Член 72**

Ректорските инсигнии се: позлатен ѓердан со манифестирана симболика за дејноста на Универзитетот, а во средината е претставен амблемот на Универзитетот.

Користењето на ректорските инсигнии се уредува со посебна одлука на Ректорската управа.

Ректорските инсигнии ги носи Ректорот при промоции и други свечености на Универзитетот, на неговите единици или при други национални и меѓународни манифестации.

*Одора*

**Член 73**

На Универзитетот се востановува одора за: ректорот, проректорите, деканите, продеканите на факултетите, директорите на високите стручни школи и за директорите на акредитираните научни институти кои вршат високообразовна дејност.

Одората се носи при промоции, прослави и други свечености на Универзитетот, неговите членки или на национални и меѓународни манифестации.

**Член 74**

Поблиски одредби за употребата на симболите, печатот и другите обележја на Универзитетот донесува Ректорската управа.

**Член 75**

Свои обележја имаат и единиците во состав на Универзитетот, утврдени со статутот на единицата.

*Патронен празник*

**Член 76**

Патрониот ден на Универзитетот е 8. декември, кој воедно е и ден на Патронот на Универзитетот Свети Климент Охридски.

Патрониот ден на Универзитетот свечено се одбележува секоја година.

На Универзитетот на пригоден начин се одбележува и 25. април, како ден на основањето на Универзитетот.

*Универзитетски признанија*

**Член 77**

Со посебна Одлука на Универзитетскиот сенат се востановува: плакета, повелба, благодарница, пофалба и други признанија и награди на Универзитетот, што се доделуваат на заслужни поединци, правни лица или институции, кои со својата работа придонеле за развојот и афирмацијата на Универзитетот, како и за развојот на научната мисла, а на студентите за постигнатиот успех во студирањето.

Поблиски одредби за изгледот и содржината, како и за доделувањето на признанијата од ставот 1 на овој член донесува Ректорската управа.

# IX. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЕДИНИЦИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

**Член 78**

Факултетите, високите стручни школи, научните институти и придружните членки имаат права и обврски за:

1. активно и постојано учество и придонес во остварувањето на дејноста, улогата и задачите на Униврзитетот и на единиците,
2. активно учество во работата на органите и работните тела на Универзитетот, реализација на актите, одлуките и заклучоците на органите на Универзитетот и единиците,
3. иницирање прашања и предлагање решенија од доменот на дејноста на Универзитетот и единиците,
4. почитување на дигнитетот и достојна употреба на името и обележјата на Универзитетот.

Единиците и придружните членки од претходниот став на овој член се должни да го почитуваат Етичкиот кодекс усвоен од Сенатот. Непочитувањето на Етичкиот кодекс се објавува во јавното гласило на Универзитетот. Одлука за објавување донесува Сенатот на предлог на Ректорската управа.

# X. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ И ФОРМИ НА СОРАБОТКА

***Внатрешна организација на Универзитетот и на неговите единици***

**Член 79**

Основање други внатрешни организациски единици може да се врши доколку се обезбедени просторни и кадровски услови, финансиски средства, обезбедена Програма за работа и други услови утврдени со закон.

Одлука за нивно основање и престанок донесува Универзитетскиот сенат, на предлог на Ректорската управа.

**Член 80**

Универзитетот може, под условите утврдени со закон и овој Статут, за вршење на својата дејност да организира: универзитетски компјутерски центар и единствен универзитетски информациски систем, центар за кариера, универзитетски центар за јазици, универзитетски клинички

центар, универзитетска поликлиника, универзитетски ветеринарен клинички центар, аграрен универзитетски институт, центар за трансфер на технологии, центри за истражување, технолошки паркови, фондации, универзитетски спортски центар, универзитетско радио и други форми од дејноста на единиците.

Одлука за нивно основање донесува Универзитетскиот сенат, на предлог на Ректорската управа.

За донесување на одлуката потребно е да се обезбедат следниве документи и услови:

1. елаборат за основање,
2. средства за работа,
3. план и програма за работа,
4. објект, опрема и простор,
5. потребен број работници и
6. други услови.

## *Универзитетски компјутерски центар и единствен универзитетски информациски центар*

### Член 81

Со цел да се обезбедат техничко-технолошки претпоставки за осовременување на високообразовната, научно-истражувачката и уметничката дејност на Универзитетот, како и на брз и ефикасен начин да се овозможи размена на податоци и имплементација на разни информациски услуги, се формира Универзитетски компјутерски центар.

Универзитетскиот компјутерски центар дејствува во областа на примената на информатичките и комуникациските технологии.

Универзитетскиот компјутерски центар го координира планирањето, проектирањето, изградбата и одржувањето на информатичката и комуникациската инфраструктура на Универзитетот.

### Член 82

На Универзитетот се формира, организира и одржува единствен современ универзитетски информациски систем, којшто обезбедува пристап до сите релевантни податоци од областа на високото образование и научно-истражувачката дејност и тоа за дејноста на Универзитетот и единиците во негов состав, студиските и предметните програми, наставно-научните области, називите и степените на стручната подготовка, условите и режимот на студирање, дипломираните студенти, магистри и доктори на науки на Универзитетот, наставно-научните, научните и соработничките кадри на Универзитетот, библиотечниот материјал, пристапот на членовите на академската заедница до реномирани научни дигитални библиотеки итн.

Информацискиот систем опфаќа:

1. прибирање, обработка и пренесување на информациите,
2. обезбедување достапност на информациите до сите потенцијални корисници,
3. размена на информации во врска со високото образование помеѓу сите заинтересирани субјекти во државата,
4. размена на информации во врска со научните достигнувања во земјата и во странство,
5. поврзување на Универзитетскиот информациски систем со странски информациски системи и
6. поврзување и размена на информации со меѓународната заедница.

***Универзитетски центри***

**Член 83**

Во рамките на Универзитетот може да се основаат и други универзитетски центри од областа на: издавачка дејност, култура, спорт, јазици и обука, радио, континуирано образование, меѓународна соработка и развој, соработка со стопанството и професионален развој на студентите, како и други видови центри во согласност со согледаните потреби и донесени одлуки од страна на органите на Универзитетот.

***Центари за трансфер на технологии и истражувачки центри***

**Член 84**

Заради континуирано унапредување на науката и истражувањата, заемна поврзаност на науката и образованието, унапредување на домашната и меѓународната соработка во трансферот на знаења, обука, апликација и унапредување на користењето на резултатите од истражувањата, заради поврзување на идеи, технологии и креативниот потенцијал на Универзитетот со стопанството, како и заради комерцијални истражувања, Универзитетот може да основа центри како внатрешни организациони единици во согласност со закон и со овој Статут.

***Универзитетски спортски центар***

**Член 85**

Со цел развивање, унапредување, омасовување и постигнување резултати во спортските активности на студентите и вработените, како и презентирање на достигнувањата во различни спортски дисциплини, може да се организира Универзитетски спортски центар со акт за негово основање, во согласност со закон и со овој Статут.

Дејностите во рамките на Универзитетскиот спортски центар можат да се остваруваат преку посебни форми на организирање (клубови, лиги и др.).

### *Центар за кариера*

### Член 86

Универзитетот основа Центар за кариера. Единиците може да основаат центри за кариера.

Центарот за кариера нуди консултански услуги, обуки и квалификациски програми за професионално усовршување, доживотно учење, кариерен развој, води посебна евиденција за поранешни студенти (алумни), организира саеми за кариера.

Преку активностите на Центарот се обезбедуваат:

- Креирање база на податоци за деловните субјекти и воспоставување перманентна двонасочна комуникација за динамично следење и разрешување на проблемите;
- Согледување на потребите на пазарот на труд и креирање соодветни програми за едукација и тренинг;
- Информирање на работодавачите за расположливиот стручен кадар едуциран на Универзитетот;
- Организирање промоциски предавања, семинари, работилници и слично.

Работата на Центарот за кариера на Универзитетот се уредува со општ акт што го донесува Универзитетскиот сенат, во согласност со овој Статут.

### *Универзитетско радио*

### Член 87

Со цел обезбедување јавно информирање, транспарентност, слободно искажување мислења и ставови на студентите и вработените за наставно-образовниот процес и за другите активности на Универзитетот, се формира непрофитна радиодифузна установа-радио, како внатрешна организациона единица без својство на правно лице на Универзитетот „Св. Климент Охридски” – Битола, Универзитетско радио УКЛО-ФМ Битола.

### *Библиотечен систем*

### Член 88

Со цел да се обезбедат претпоставки за остварување на дејноста, целите и задачите на Универзитетот и единиците, на Универзитетот се формира единствен библиотечен систем каде се прибира, обработува и

чува библиотечен материјал (печатени и електронски изданија, монографии, периодични публикации, ЦД-а, и друго).

Универзитетскиот библиотечен систем го сочинуваат: библиотеката на Универзитетот и библиотеките на единиците.

Универзитетот донесува единствени основи за обезбедување единствен библиотечен систем на Универзитетот, за организација и распоред на библиотечниот материјал и друго.

Библиотеките се поврзуваат во библиотечниот информациски систем на Универзитетот.

***Заеднички одредби за внатрешните организациони единици***

**Член 89**

Одлука за основање и престанок на внатрешните организациони единици донесува Универзитетскиот сенат.

Организирањето на дејноста, начинот на организација на работа, просторните услови, управувањето, раководењето, финансиските прашања, начинот на вршење стручни, административни, технички работи и други прашања за остварување на нивната дејност, се регулира со акт на Ректорската управа за секоја организациона единица посебно.

За постоењето посебни потсметки на внатрешните организациони единици во рамките на сметката на Универзитетот одлучува Сенатот.

***Основање на друга организација***

**Член 90**

Универзитетот или единицата на Универзитетот може самостојно или со друг сосновач да основа трговско друштво или установа под услови утврдени со закон и овој Статут.

Универзитетот или единицата на Универзитетот можат, на потрајна основа, договорно со правни и физички лица, да ги остваруваат потребите наведени во законот заради кои можат да основаат трговско друштво или установа.

Финансирањето на трговските друштва или установите се врши исклучиво од самофинансирачките активности (сопствени приходи) на Универзитетот, односно единицата, а евентуалните загуби, исто така, се покриваат исклучиво од самофинансирачките активности (сопствените приходи) на Универзитетот, односно единицата.

Одлука за основање и престанок на трговско друштво или установа донесува Универзитетскиот сенат, на предлог на Ректорската управа.

За донесување на одлуката за основање потребно е да се обезбедат:

1. елаборат за основање,
2. средства за работа,
3. објект, опрема и простор,
4. план и програма за работа,
5. потребен број работници и
6. други услови утврдени со закон.

### *Внатрешна организација на единиците*

**Член 91**

Единицата на Универзитетот, за вршење на својата дејност, може да организира: институт, центар, завод, катедра, оддел и други внатрешни организациони единици, врз основа на утврдена потреба и донесен план и програма за работа.

Поблиски одредби за внатрешната организација на единиците се содржани во Статутот на единицата.

## XI. СТРУЧНА И АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА

### *Внатрешна организација на стручната и административна служба на Универзитетот*

**Член 92**

Стручната и административна служба се организира како интегрирана стручна и административна служба на Универзитетот (во натамошниот текст: Служба на Универзитетот), која ја сочинуваат Централната стручна и административна служба - Ректоратот и стручните и административни служби на единиците.

**Член 93**

Службата на Универзитетот се организира по сектори, одделенија и центри, во согласност со функционалната поврзаност на дејноста на единиците на Универзитетот утврдени со овој Статут.

**Член 94**

Начинот на кој се вршат стручните и административните работи од заеднички интерес за единиците на Универзитетот се уредува со правилник што го донесува Сенатот.

**Член 95**

Организацијата, начинот на работа, видовите на работни места, условите за работно место, описот на работните задачи, бројот на

извршителите и нивните права, обврски, одговорности и други прашања поврзани со Централната стручна и административна служба се уредуваат со Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места во Централната стручна и административната служба на Универзитетот, што ги донесува Ректорската управа, на предлог на Ректорот.

**Член 96**

Со работата на Централната стручна и административна служба на Универзитетот раководи Генералниот секретар на Универзитетот, а со работата на стручната и административна служба на единицата раководи секретарот на единицата.

Генералниот секретар за својата работа е одговорен пред ректорот и Универзитетскиот сенат.

Секретарот на единицата е одговорен пред Деканот, односно Директорот на единицата и пред Наставно-научниот/Наставничкиот совет.

**Член 97**

Постапката за избор и начинот на престанок на работниот однос на Генералниот секретар на Универзитетот и секретарот на единицата се регулирани со соодветниот Закон за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи.

**Член 98**

Генералниот секретар на Универзитетот:

1. се грижи за подготвување и обработка на материјалите за седниците на Ректорската управа и Сенатот, како и за подготвување на одлуките и општите акти што ги донесуваат овие органи и тела,
2. по овластување на Ректорот, го застапува Универзитетот во правните работи,
3. се грижи за исполнување и извршување на обврските на Универзитетот во соработката на Универзитетот со соодветните државни и општински органи и тела, надлежни за работите на образованието и науката,
4. се грижи за уредноста и ажурноста во работата по предметите и подготвувањето на другите материјали и за таа цел свикува и раководи со работните состаноци на службата на Универзитетот,
5. го следи извршувањето на одлуките и заклучоците на органите на Универзитетот и известува за тоа,
6. ја координира работата со секретарите на единиците за прашања што се однесуваат на Универзитетот како целина и за работите од делокругот на службата на Универзитетот,
7. ја координира работата на службите на единиците,

8. одлучува за правата, должностите и одговорностите на вработените во службата на Универзитетот.

## XII. ОРГАНИ И ТЕЛА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ И ЕДИНИЦИТЕ

### *Органи и тела на Универзитетот*

**Член 99**

Органи на Универзитетот се: Универзитетски сенат, Ректор и Ректорска управа.

На Универзитетот се формира Универзитетски совет како тело на Универзитетот.

На Универзитетот се формира Универзитетско студентско собрание како тело на Универзитетот.

Заради заштита на правата на студентите на Универзитетот, се формира Студентски правобранител како независно тело.

### *Универзитетски сенат*

*Положба и состав на Сенатот*

**Член 100**

Орган на управување и стручен орган на Универзитетот е Универзитетскиот сенат (во понатамошниот текст: Сенатот).

**Член 101**

Сенатот го сочинуваат претставници од единиците на Универзитетот, од придружните членки и од Универзитетското студентско собрание.

Член на Сенатот може да биде лице избрано во наставно-научно, наставно-стручно, научно или наставно звање и редовен студент на Универзитетот во моментот на изборот.

За член на Сенатот не може да биде избрано лице кое е избрано за декан, продекан или директор на единица на Универзитетот.

Ректорот и проректорите се членови на Сенатот по положба, без право да учествуваат во одлучувањето и без право да бидат избрани за претседател на Сенатот. Во работата на Сенатот учествува и Генералниот секретар без право на одлучување.

Единиците на Универзитетот, во Сенатот се застапени со:

- по еден претставник од редот на професорите/научните советници, од единици до 19 членови во работен однос во Наставно-научниот/Наставничкиот/Научниот совет.

- по два претставници од редот на професорите/научните советници, од единици со 20 и повеќе од 20 членови во работен однос во Наставно-научниот/Наставничкиот/Научниот совет.

Бројот на претставници од единиците на Универзитетот во Сенатот се утврдува врз основа на бројот на членовите во работен однос во Наставно-научниот/Наставничкиот/Научниот совет на денот на гласањето за избор на членови на Сенатот.

Во Сенатот на Универзитетот студентите се застапени со 15% од бројот на членовите на Сенатот од единиците на Универзитетот. Доколку при утврдувањето на бројот на студенти се појават децимали, се врши заокружување на бројот на следниот начин: ако првата децимала е помала од 5 се заокружува на претходниот цел број, а ако истата е еднаква или поголема од 5 се заокружува на следниот цел број.

Научните институти, придружни членки на Универзитетот, во Сенатот се застапени со по еден претставник од редот на научните советници.

Другите придружни членки на Универзитетот се застапени во Сенатот со по еден претставник, кој треба да има најмалку високо образование.

Доколку единиците на Универзитетот немаат наставници во звање професори, односно научни советници, за членови на Сенатот можат да бидат избрани претставници со други наставно-научни, наставни, наставно-стручни и научни звања.

Членовите од придружните членки - јавни научни установи учествуваат во работата и одлучувањето на Сенатот за прашања поврзани со научно-истражувачката дејност и со студиите од втор и од трет циклус.

Членовите од придружните членки - други организации учествуваат во работата на Сенатот за прашања поврзани со нивната дејност.

Членовите на Сенатот од придружните членки, кога не се одлучува за прашања поврзани со нивната дејност, не се сметаат во кворум.

*Постапка за избор и мандат на членовите на Сенатот*

**Член 102**

Членовите на Сенатот ги избираат наставно-научните совети на факултетите, наставничките совети на високите стручни школи, советите на научните институти и органите на управување на придружните членки.

Членовите на Сенатот претставници од студентите ги избира Универзитетското студентско собрание од редот на редовните студенти на Универзитетот во моментот на изборот.

Изборот на членовите на Сенатот се врши со непосредно и тајно гласање.

Мандатот на членовите на Сенатот трае 3 (три) години, со право на уште еден избор.

Мандатот на претставниците на студентите трае 1 (една) година, без право на реизбор.

**Член 103**

Во текот на траењето на мандатот може да се изврши замена на член на Сенатот на ист начин и постапка како и при избирањето членови на Сенатот. Мандатот на новиот член трае до истекот на мандатот на претходниот член  кој го заменува.

**Член 104**

На член на Сенатот му престанува мандатот и пред истекот на времето за кое е избран, во случај на отповикување од страна на органите кои го избрале, при престанок на работниот однос, мирување на работниот однос, по негово барање, при избор во функција која не дозволува вршење на функција член на Сенат и во други случаи утврдени со закон, овој Статут, статут на единица и други акти на Универзитетот.

На член на Сенатот од редот на студентите му престанува мандатот и пред истекот на времето за кое е избран доколку му престане статусот на редовен студент.

Член на Сенатот може да биде отповикан  во следниве случаи:

1. доколку повеќе од два пати  неоправдано  отсуствува од седниците на Сенатот во текот на една академска година и
2. го нарушува угледот на Универзитетот или единицата.

Иницијатива за отповикување може да даде единицата, придружната членка, Сенатот, Претседателот на Сенатот, Ректорот и Универзитетското студентско собрание, а самото отповикување го вршат органите кои го избрале, по претходно мислење од Сенатот.

**Член 105**

Верификацијата на мандатот на членовите на Сенатот ја врши Верификациона комисија од три члена, избрана од редот на членовите на новиот состав на Сенатот, со јавно гласање.

Членовите на верификационата комисија се избираат на предлог на членовите на новоизбраниот Сенат.

Верификационата комисија констатира дали се исполнети условите предвидени за избор на член во Сенатот и поднесува извештај на конститутивната седница на Сенатот.

Доколку Верификационата комисија констатира дека не се исполнети условите, за тоа се известуваат единиците, Универзитетското студентско собрание или придружните членки од каде доаѓа неверификуваниот член.

Лицата чиј мандат не е верифициран не можат да учествуваат во работата и одлучувањето на Сенатот и не се сметаат во кворум при одлучувањето на Сенатот.

Бројот на испразнетите места на членови на Сенатот, по кој било основ, до изборот и верификацијата на мандатот, не се смета во кворум при одлучувањето на Сенатот.

**Член 106**

Постапката за избор на членови на Сенатот започнува најмалку 60 (шеесет) дена пред истекот на мандатот на постојниот Сенат.

Одлука за започнување постапка за избор на членови на Сенатот донесува претседателот на Сенатот, кој ја свикува и конститутивната седница на новоизбраниот Сенат, во рок од 15 дена по истекот на мандатот на постојниот Сенат, а со која претседава член на Сенатот којшто прв е избран во звање редовен професор.

*Надлежност на Сенатот*

**Член 107**

Покрај надлежностите утврдени во член 94 од Законот за високото образование, Сенатот е надлежен:

1. да донесува општи акти за материјалните и финансиските прашања поврзани со средствата за остварување на интегративните функции на Универзитетот,
2. да избира членови од Универзитетот од редот на редовните професори во составот на Интеруниверзитетската конференција, со тајно гласање,
3. да го потврдува изборот на редовен професор извршен од страна на наставно-научниот совет на факултетот,
4. да донесува одлуки за стекнување и престанок на статус придружна членка на Универзитетот,
5. да одлучува по жалби кога тоа е утврдено со закон, со овој Статут и со актите на Универзитетот,
6. да формира комисии за одлучување по жалба кога тоа е утврдено со закон, со овој Статут и со актите на Универзитетот,
7. да дава предлог до Владата на РСМ за отуѓување на недвижниот имот на Универзитетот,
8. да зазема ставови и да донесува заклучоци за прашања од заеднички интерес на единиците што се однесуваат на високообразовната, научно-истражувачката и уметничката дејност,

9. да врши и други работи утврдени со закон, со овој Статут и со другите акти на Универзитетот.

*Начин на одлучување на Сенатот*

**Член 108**

Сенатот може да одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број членови на Сенатот, а одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, освен ако со законот не е поинаку предвидено.

За изборот на органите на Универзитетот и избор на Претседател на Сенатот, Сенатот може да одлучува доколку на седниците присуствуваат најмалку 2/3 од вкупниот број членови на Сенатот, а одлучува со мнозинство гласови од присутните членови.

*Начин на работа*

**Член 109**

Сенатот ги врши работите од своја надлежност на седница, во согласност со закон и овој Статут.

Седниците на Сенатот се јавни.

Сенатот заседава најмалку еднаш месечно, во согласност со Програмата за развој и работа на Универзитетот.

Сенатот може да одржува свечени седници по повод јубилеи, прослави и други свечености.

Во вршењето на работите од својата надлежност Сенатот донесува: Статут на Универзитетот, правилници, програми, одлуки, решенија, упатства, мислења, ставови, толкувања, заклучоци, препораки и други акти за кои е овластен со Закон и овој Статут.

Претседателот на Сенатот на Универзитетот, 7 (седум) дена пред одржување на седницата на Сенатот, на сите членови и учесници им доставува покана со предлог на дневниот ред и материјали за точките од седницата. Во одредени итни случаи рокот за свикување на седници може да биде и пократок од 7 (седум) дена.

***Претседател на Сенатот***

**Член 110**

Претседателот на Сенатот е одговорен за законитоста и статутарноста во работењето на Сенатот.

Вршењето на должноста Претседател на Сенат е неспоиво со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија.

## *Постапка за избор на претседател на Сенат*

### Член 111

Претседателот на Сенатот се избира од редот на сенаторите со тајно гласање, за период од една година, со право на уште еден избор.

Право на предлагање на Претседател има секој член на Сенатот, без оглед на неговото право на одлучување.

Предлагање и утврдување на кандидат/кандидати за избор на Претседател на Сенат се врши на седница на Сенатот.

Кога предлагањето и утврдувањето кандидат/кандидати за избор на Претседател на Сенат е на конститутивна седница и при повторна постапка, со неа претседава член на Сенатот кој е прв избран во звање редовен професор.

### Член 112

Постапката за избор на Претседател на Сенат ја спроведува Изборна комисија од 3 (три) члена, избрана од Сенатот со јавно гласање.

Изборната комисија подготвува гласачки ливчиња за избор на Претседател на Сенат, го спроведува гласањето, ги утврдува резултатите од изборот за што поднесува извештај.

Кандидатите за Претседател на Сенат се внесуваат на гласачкото ливче по азбучен ред од нивното презиме.

### Член 113

Сенатот полноправно одлучува за избор на Претседател на Сенат ако на седницата присуствуваат најмалку 2/3 од вкупниот број членови на Сенатот.

За Претседател на Сенат е избран оној кандидат кој ќе добие мнозинство гласови од присутните членови на Сенатот.

Членот на Сенатот има право да гласа само за еден кандидат.

Ако при гласањето за Претседател на Сенат, ниту еден од кандидатите не го добие потребното мнозинство гласови, гласањето се повторува само за првите 2 (двајца) кандидати со најголем број на гласови.

Доколку повеќе кандидати имаат ист број на гласови, гласањето се повторува само за нив. Доколку повеќе кандидати имаат ист број на гласови за второто место, гласањето се повторува само за нив.

Ако и на повторното гласање ниту еден од предложените кандидати за Претседател на Сенат не го добие потребното мнозинство, целата постапка за избор на Претседател на Сенат се повторува од почеток.

### Член 114

При повторната постапка за избор на Претседател на Сенат, не можат да учествуваат истите кандидати за претседател од претходната постапка.

**Член 115**

Функцијата на Претседателот на Сенатот му престанува и пред истекот на мандатот за кој е избран:

1. ако тоа сам го побара,
2. ако трајно ја загуби способноста за вршење на должноста,
3. ако ги исполни условите за старосна пензија,
4. ако биде разрешен од член на Сенат,
5. ако биде разрешен од должноста пред истекот на мандатот.

Предлог за разрешување на Претседател на Сенат може да поднесе Ректорот или најмалку 1/3 од членовите на Сенатот, заради непочитување на законот и Статутот на Универзитетот.

За разрешувањето одлучува Сенатот. Доколку Сенатот го разреши Претседателот, на истата седница се пристапува кон избор на нов Претседател на Сенатот.

Мандатот на новоизбраниот Претседател на Сенатот од претходниот став трае до завршувањето на мандатот на разрешениот Претседател на Сенат.

**Член 116**

Претседателот на Сенатот ги свикува седниците на Сенатот, го предлага дневниот ред и претседава со седниците на Сенатот.

Право да предлага точки за седница на Сенатот има секој член на Сенатот. Предлогот се доставува во писмена форма.

Претседателот на Сенатот свикува седница на Сенатот најмалку еднаш месечно.

Во случај на отсуство или спреченост на Претседателот на Сенатот, седниците на Сенатот ги води член на Сенатот кој прв бил избран во звањето редовен професор.

Претседателот на Сенатот е должен на барање на најмалку една петтина од членовите на Сенатот или на барање на Ректорот да свика седница на Сенатот.

Доколку Претседателот на Сенатот не постапи во согласност со одредбите од ставот 5 на овој член, Ректорот ја свикува седницата на Сенатот, со која претседава член на Сенатот кој прв бил избран во звањето редовен професор.

**Член 117**

Материјалите од точките на дневниот ред на седниците на Сенатот претходно се разгледуваат од страна на постојаните Комисии или други

повремени комисии и работни тела на Универзитетот, кои воедно подготвуваат и нацрт и предлог-акти, односно предлог-одлуки.

**Член 118**

Доколку седницата не се одржи поради неприсуство на доволен број членови на Сенатот, утврден со овој Статут, Претседателот на Сенатот, во рок од најмногу 14 (четиринаесет) дена, доставува нова покана со предлог дневен ред за одржување на седницата.

**Член 119**

Одлуките и другите акти донесени на седница на Сенатот ги потпишува Претседателот на Сенатот, а во негово отсуство член на Сенатот кој претседавал со седницата.

**Член 120**

Сенатот одлучува со јавно гласање, освен за работи утврдени со Закон и овој Статут за кои е предвидено тајно гласање.

Сенатот може да одлучи за одредени прашања, за кои се одлучува јавно, да одлучува со тајно гласање.

Поблиски одредби за начинот на работата на Сенатот се утврдуваат со Деловникот за работа на Сенатот.

## ***Ректор***

*Положба и избор*

**Член 121**

Ректорот е раководен орган на Универзитетот.

Надлежностите на Ректорот се утврдени со закон, со овој Статут и актите на Универзитетот.

Ректорот го претставува и застапува Универзитетот во земјата и странство.

Ректорот се избира од редот на редовните професори за време од три години, со право на уште на еден избор.

Ректорот се избира со објавување јавен оглас, на слободни, непосредни и тајни избори од страна на членовите на наставно-научните, научните и наставничките совети на единиците на Универзитетот.

Одлука за отпочнување постапка за избор и Роковник на активности за избор на Ректор, како и Одлука за објавување на Јавен оглас и Одлука за формирање на Универзитетска изборна комисија, донесува

Сенатот на Универзитетот најрано шест месеци, а најдоцна пет месеци пред истекот на мандатот на актуелниот Ректор.

Постапката за избор на Ректор треба да заврши најдоцна 15 дена пред истекот на мандатот на актуелниот Ректор.

*Избор на Универзитетска изборна комисија*

**Член 122**

Сенатот со тајно гласање врши избор на седум сенатори и формира Универзитетска изборна комисија. Комисијата избира еден од своите членови за претседател.

Сенатот со тајно гласање врши избор и на тројца сенатори за заменици во Универзитетска изборна комисија, од кои еден е заменик-претседател.

Право да предложи член и заменик член на Универзитетската изборната комисија има секој член на Сенатот.

Доколку во првиот круг не се изберат сите членови/заменици членови на универзитетската изборна комисија, гласањето се повторува само за бројот на лица кои не го добиле потребното мнозинство, со предлагање на друго, односно други лица за универзитетската изборна комисија и постапката се спроведува во согласност со одредбите од овој член.

Секој кандидат за Ректор може да овласти набљудувачи на работата на Универзитетската изборна комисија и на процесот на гласање на секоја едница на Универзитетот, коишто треба да ги пријави до Универзитетската изборна комисија, најдоцна до завршувањето на Јавниот оглас.

Набљудувачите можат да бидат од редот на соработничкиот и/или административниот кадар од вработените на единиците и/или Универзитетот. Секој кандидат може да има по еден набљудувач во Универзитетската изборна комисија и по еден набљудувач на единица на Универзитетот.

*Надлежност на Универзитетската изборна комисија*

**Член 123**

Универзитетската изборна комисија е надлежна:

1. да ја цени исполнетоста на условите за избор на Ректор и уредноста на пријавата во согласност со објавениот Јавен оглас,
2. да ја утврдува Листата на кандидати за Ректор од пријавените кандидати кои ги исполнуваат условите и критериумите и
3. да ги сумира резултатите од гласањето за избор на Ректор на сите единици на Универзитетот.

Универзитетска изборна комисија ја утврдува Листата на кандидати за Ректор од пријавените кандидати кои ги исполнуваат условите од објавениот Јавен оглас, во рок од 5 дена по завршувањето на огласот, а во следните 3 (три) дена ја доставува до единиците утврдената Листа на кандидати за Ректор, заедно со нивните биографии и програми за работа и развој.

Кандидатите за Ректор се внесуваат на гласачкото ливче по азбучен ред од нивното презиме.

Универзитетската изборна комисија, освен надлежностите утврдени со Законот за високото образование, ги врши и следниве работи:

- донесува Упатство со кое се утврдува: нејзината работа и работата на изборните комисии на единиците, начинот на гласање и пребројување на гласовите, резултатот од гласањето, начинот на комуникација и доставување документација, акти, известувања, записници и сл., чување и увид во изборната документација и за други прашања поврзани со постапката за спроведување на гласањето и утврдување на резултатите од гласањето. Упатството се објавува на веб-страницата на Универзитетот,
- ги подготвува изборните материјали за избор на Ректор за сите единици на Универзитетот (списоци, гласачки ливчиња, обрасци за записници и извештаи и други изборни материјали),
- именува членови на изборна комисија доколку единицата во утврдениот рок не формира изборна комисија,
- дава задолжителни инструкции до изборните комисии на нивно барање или по сопствено наоѓање,
- одлучува по приговори во согласност со овој Статут,
- врз основа на резултатите од гласањето го прогласува избраниот кандидат за Ректор и записникот и одлуката ги објавува на веб-страницата на Универзитетот и
- врши други работи утврдени со овој Статут.

**Член 124**

Во согласност со утврдениот Роковник на активности за избор на Ректор, Наставно-научниот/Научниот/Наставничкиот совет на единицата, со тајно гласање, избира петчлена комисија која го спроведува непосредното и тајно гласање на единицата на Универзитетот.

Право да предложи член на Изборната комисија има секој член на Наставно-научниот/Научниот/Наставничкиот совет на единицата.

Доколку во првиот круг не се избере Изборна комисија, гласањето се повторува, така што во секој нареден круг отпаѓа лицето што добило најмал број на гласови.

Ако, во случајот од претходниот став, предложен член, односно членови, не го добие потребното мнозинство гласови, постапката се

повторува со предлагање друго, односно други лица за изборна комисија и постапката се спроведува во согласност со одредбите од овој член.

**Член 125**

Еден ден пред гласањето, од 10 до 15 часот, Универзитетската изборна комисија записнички им ги предава изборните материјали на изборните комисии на единиците.

Непосредното и тајно гласање за избор на Ректор се спроведува во ден утврден во Роковникот на активности за избор на Ректор и тоа во првите 15 (петнаесет) дена по истекот на еден месец од отпочнувањето на постапката за избор на Ректор, во ист ден, во периодот од 12 до 14 часот, на сите единици на Универзитетот.

По завршувањето на гласањето, а по истекувањето на периодот за гласање, изборните комисии ги отвораат гласачките кутии на сите единици на Универзитетот и пристапуваат кон утврдување на резултатите од гласањето, за што составуваат извештај.

При тоа, освоениот број гласови на секој кандидат на секоја единица посебно, се изразува во проценти од вкупниот број важечки гласови на единицата и се множи со бројот на сенаторите кои ги избира единицата, со што се добива бројот на поени што ги освоил секој од кандидатите.

Изборните комисии на единиците, Извештајот со резултатите од гласањето, ги доставуваат по електронски пат до Универзитетската изборна комисија, во рок од два часа од завршувањето на гласањето.

Сите изборни материјали во оригинал се доставуваат до Универзитетската изборна комисија најдоцна до 20 часот истиот ден.

***Поднесување пријави***

**Член 126**

Кандидатите за Ректор, Пријавите со потребната документација ги доставуваат до Универзитетската изборна комисија во согласност со овој Статут и Упатството на Универзитетската изборна комисија.

***Оцена на уредноста на пријавата и исполнетоста на условите за избор***

**Член 127**

Универзитетската изборна комисија со Решение ги отфрла пријавите на кандидатите кои не ја доставиле комплетната документација којашто се бара во Јавниот оглас.

Универзитетската изборна комисија со Решение ги одбива пријавите на кандидатите кои не ги исполнуваат општите и посебните услови наведени во Јавниот оглас.

Кандидатот има право на Приговор против Решението од став 1 или став 2 од овој член.

Приговорот се поднесува, преку Универзитетската изборна комисија, до Сенатот, во рок од 3 дена од приемот на Решението.

Сенатот одлучува со Решение во рок од 5 (пет) дена, сметано од наредниот ден од денот кога истекува последниот ден за поднесување приговор.

Сенатот донесува Решение со кое:

- се усвојува Приговорот и претходното Решение се поништува,
- се одбива Приговорот и претходното Решение се потврдува.

Решението на Сенатот е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Решението се доставува до кандидатот за Ректор и до Универзитетската изборна комисија, а доставувањето се врши во согласност со овој Статут и Упатството што го донесува Универзитетската изборна комисија.

Универзитетската изборна комисија, врз основа на конечните Решенија од Сенатот, со решение утврдува конечна Листа на кандидати за Ректор, по азбучен ред на презимето, која ја доставува до:

- кандидатите за Ректор,
- Претседателот на Сенат,
- Деканите, односно Директорите на единиците.

Утврдените кандидати во конечната Листа на кандидати за Ректор немаат право да се повлечат по нејзиното утврдување.

### *Гласање*

### Член 128

Гласањето го спроведува изборната комисија на единицата во просторија на единицата на Универзитетот.

Право на глас имаат членовите на Наставно-научните/ Наставничките/Научните совети на единиците и може да гласаат само за еден кандидат за Ректор.

### *Објавување на резултати и доставување на Записник и Одлука за утврдување на избран кандидат за Ректор*

### Член 129

По добивањето на извештаите со резултатите од гласањето и

изборните материјали од сите единици на Универзитетот, Универзитетската изборна комисија веднаш ги сумира резултатите од гласањето на сите единици на Универзитетот.

Притоа, за Ректор е избран кандидатот кој добил најголем број поени на ниво на Универзитетот, односно чиј збир на поени е најголем, откако за секој кандидат поединечно ќе се соберат поените кои ги добил на секоја единица посебно.

Истиот ден, по сумирањето на резултатите, на веб - страницата на Универзитетот, Универзитетската изборна комисија ги објавува Записникот за сумираните резултати од гласањето на единиците на Универзитетот и Одлуката за избор на Ректор на Универзитетот.

Истите се доставуваат до кандидатите од утврдената конечна Листа на кандидати за Ректор, во рок од 3 (три) дена сметано од денот на гласањето. Доставувањето се врши во согласност со овој Статут и Упатството што го донесува Универзитетската изборна комисија.

**Член 130**

Незадоволниот кандидат има право на Приговор на Записникот и на Одлуката од член 129 од овој Статут, до Универзитетската изборна комисија, во рок од 3 (три) дена од приемот на актите. Комисијата одлучува по Приговорите во рок од 3 (три) дена од истекот на рокот за поднесување приговор.

Основи за Приговорот од ставот 1 на овој член се:

- повреди на спроведената постапка на единицата,
- утврдените резултати од гласањето на единицата.

Доколку Универзитетската изборна комисија со Одлука го усвои Приговорот од став 2, алинеја 1 од овој член, по правило, гласањето на единицата се повторува, ако тоа може да влијае на изборниот резултат.

Доколку не го усвои Приговорот, Универзитетската изборна комисија со Одлука го одбива Приговорот и констатира дека не се направени повреди на постапката за избор на единицата.

Одлуката на Универзитетската изборна комисија е конечна и против неа може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Одлуката се доставува до кандидатите за Ректор.

**Член 131**

Универзитетската изборна комисија по Приговорот од член 130 став 2 алинеа 2, донесува Одлука со која:

- се усвојува Приговорот, претходната Одлука се поништува и се донесува нова Одлука,
- се одбива Приговорот и претходната Одлука се потврдува.

Одлуката на Универзитетската изборна комисија е конечна и против неа може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Одлуката се доставува до кандидатите за Ректор.

**Член 132**

Против Записникот за сумираните резултати од гласањето и Одлуката за избор на Ректор од Универзитетската изборна комисија од член 129 став 3 од овој Статут, незадоволниот кандидат има право на Приговор, преку Универзитетската изборна комисија, до Сенатот, во рок од 3 (три) дена од приемот на актите. Сенатот одлучува по приговорот во рок од 5 (пет) дена од истекот на рокот за поднесување приговор.

Сенатот донесува Одлука со која:

- се усвојува Приговорот, претходната Одлука се поништува и се донесува нова Одлука или
- се одбива Приговорот и претходната Одлука се потврдува.

Одлуката на Сенатот е конечна и против неа може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Одлуката се доставува до Универзитетската изборна комисија и до кандидатите за Ректор.

**Член 133**

Врз основа на конечните Одлуки од Универзитетската изборна комисија, односно Сенатот, Универзитетската изборна комисија ги утврдува сумираните резултати од сите единици на Универзитетот со конечен Записник и носи конечна Одлука за избор на Ректор на Универзитетот.

Конечниот Записник и конечната Одлука се објавуваат на веб-страницата на Универзитетот и се доставуваат до: кандидатите за Ректор, Деканите/Директорите на единиците, постојниот Ректор на Универзитетот, Претседателот на Сенатот и Претседателот на Универзитетското студентско собрание.

***Вршител на должност Ректор***

**Член 134**

Доколку не се избере Ректор најдоцна 15 дена пред истекот на мандатот на актуелниот Ректор, Сенатот, во следните 7 дена, со тајно гласање, од редот на редовните професори избира в.д. Ректор со мандат најмногу за 6 (шест) месеци, односно до изборот на новиот Ректор.

В.д. Ректор предлагаат членовите на Сенатот, а за избор е потребено присуство на 2/3 од вкупниот број членови на Сенатот и избрано е лицето што добило мнозинство гласови од присутните членови на Сенатот.

Ако при гласањето за в.д. Ректор, ниту еден од кандидатите не го добие потребното мнозинство гласови, гласањето се повторува само за првите 2 (два) кандидати со најголем број на гласови.

Доколку повеќе кандидати имаат ист број на гласови, гласањето се повторува само за нив. Доколку повеќе кандидати имаат ист број гласови за второто место, гласањето се повторува само за нив.

Ако и на повторното гласање ниту еден од предложените кандидати за в.д. Ректор не го добие потребното мнозинство, целата постапка за избор на в.д. Ректор се повторува од почеток.

При повторната постапка не учествуваат кандидатите за в.д. Ректор од претходната постапка.

Најдоцна 30 дена од денот на изборот на вршителот на должноста Ректор, се поведува постапка за избор на Ректор.

### *Стапување на должност*

### Член 135

Ректорот, по правило, стапува на должност на почетокот на учебната година.

На денот на стапување на должност на новоизбраниот Ректор, примопредавањето на должноста се врши на свечен начин.

### *Престанок на мандатот на Ректорот на Универзитетот*

### Член 136

Мандатот на Ректорот на Универзитетот престанува пред истекот на периодот за кој е избран, во еден од следните случаи:

1. ако тоа сам го побара,
2. ако трајно ја загуби способноста за вршење на должноста Ректор,
3. ако ги исполни условите за старосна пензија или
4. ако биде разрешен од должноста пред истекот на мандатот.

Ако Сенатот не го прифати Извештајот за работа на Ректорот и Универзитетот, на истата седница се поведува постапка за разрешување на Ректорот.

Образложение за причините за неприфаќање на Извештајот за работа на Ректорот и Универзитетот подготвува Претседателот на Сенатот, а свое образложение во прилог на Извештајот изработува Ректорот и истите се доставуваат во материјалите за седницата кога се одлучува за разрешувањето на Ректорот.

Сенатот одлучува за разрешувањето на Ректорот на следната

седница по седницата кога не бил прифатен Извештајот и била поведена постапката за разрешување на Ректорот.

Ректорот ќе биде разрешен заради неприфаќање на Извештајот, ако за разрешувањето гласале најмалку 2/3 од вкупниот број членови на Сенатот.

**Член 137**

Во случаите на предвремен престанок на мандатот на Ректорот, до изборот на нов Ректор, Сенатот избира за вршител на должноста Ректор еден од проректорите на Универзитетот, за период од најмногу шест месеци. Еден проректор може да биде избран за вршител на должноста Ректор само еднаш.

Доколку ниеден од проректорите не го добие потребното мнозинство, се применува принципот на сениоритет меѓу проректорите, односно функцијата вршител на должност Ректор ја врши проректорот кој прв бил избран во звањето редовен професор, односно највисокото звање во кое се избрани проректорите за период кој не може да биде подолг од шест месеци.

Вршителот на должноста Ректор ги има сите права и должности на Ректорот.

Најдоцна 30 дена од денот на изборот на вршителот на должноста Ректор, се поведува постапка за избор на Ректор.

***Права, должности и одговорности на Ректорот***

**Член 138**

За вршење на дел од своите права и обврски Ректорот може да овластува одделни проректори.

**Член 139**

Ректорот може да формира комисии, односно работни тела или групи од редот на наставниците и другите членови на единиците и придружните членки и Стручната и административната служба на Универзитетот, како и надворешни лица, за проучување прашања и извршување работи значајни за работата на Универзитетот. Комисиите и другите работни тела или групи се должни на Ректорот да му поднесат писмен извештај со соодветен предлог.

За формирањето на комисиите и работните тела или групи од претходниот став, одлука донесува Ректорот.

На лицата од ставот 1 на овој член, за работата им следува соодветен надоместок, што го определува Ректорот.

**Член 140**

Ректорот на Универзитетот ја координира работата на раководните органи на факултетите и научните институти во неговиот состав во врска со остварувањето на ставовите, одлуките и заклучоците на Сенатот и Ректорската управа, во врска со остварувањето на улогата, задачите и дејноста на Универзитетот утврдени со закон, со овој Статут и со актите на Универзитетот.

**Член 141**

Ректорот на Универзитетот, по потреба, може да ги свикува деканите и директорите и други одговорни лица, заради разгледување прашања од интерес на единиците или на Универзитетот во целина.

**Член 142**

Единиците и придружните членки во состав на Универзитетот се должни, по барање на Ректорот, да го информираат за сите прашања што се од интерес за остварување на целите и задачите на Универзитетот и да му овозможат пристап до сите документи од нивното работење.

***Одговорност на Ректорот за законитоста и статутарноста***

**Член 143**

Ректорот се грижи за законитоста и статутарноста на работата на Универзитетот и на единиците во неговиот состав и има право и должност да запре од извршување, односно да укине акт на нивните органи, за кој смета дека не е во согласност со Законот, овој Статут, општ акт или одлука на Универзитетот.

Единицата на Универзитетот чиј акт е укинат, може да поднесе жалба до Сенатот во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на одлуката на Ректорот. Одлуката на Сенатот е конечна.

**Член 144**

Во согласност со овој Статут, заради непочитување на Законот, овој Статут, општ акт или одлука на Универзитетот, со образложена одлука, Ректорот може да суспендира Декан или Директор на единица на Универзитетот и да постави времен вршител на должност Декан/Директор до донесување на одлука на Сенатот по суспензијата, ако:

1. Деканот/Директорот не ги спроведува одлуките на органите на Универзитетот,
2. не запре од извршување општ акт и одлука на органите од единицата којшто е во спротивност со Законот, овој Статут, статутот на единицата или другите општи акти на Универзитетот и на единицата,
3. ги злоупотреби или пречекори овластувањата добиени со Закон и статутот на единицата и

4. други случаи утврдени со Закон, овој Статут и статутот на единицата.

Сенатот, во најкраток можен рок, а најдоцна во рок од 30 дена од суспендирањето на Деканот/Директорот, одлучува за одлуката на Ректорот за суспензија на Деканот/Директорот на единицата.

Доколку Сенатот ја потврди суспензијата, на Деканот/Директорот му престанува мандатот, па поставениот в.д Декан, односно в.д Директор продолжува да ја извршува функцијата за времето за кое што е поставен и во рок од најмногу 3 (три) месеци ќе спроведе постапка за избор на Декан, односно Директор.

Доколку Сенатот не ја потврди суспензијата на Деканот/ Директорот, мандатот на Деканот/Директорот продолжува до крајот на времето за кое е избран, односно за период од најмногу 3 (три) месеци.

Деканот, односно Директорот кој е суспендиран има право писмено да се произнесе до Претседателот на Сенатот најдоцна седум дена пред одржувањето на седницата на Сенатот на која се одлучува за неговата суспензија и да го достави како материјал до членовите на Сенатот.

**Член 145**

Мандатот на в.д. Деканот, односно в.д. Директорот завршува во секој случај со изборот на Декан, односно Директор во редовна постапка, без оглед на времето за кое истиот е поставен.

***Именување на времен вршител на должност Декан/Директор***

**Член 146**

Доколку Наставно-научниот/Наставничкиот/Научниот совет не го прифати извештајот за работата на Деканот/Директорот, се смета дека Деканот/Директорот е разрешен и се известува Ректорот, кој именува вршител на должноста Декан/Директор за период од најмногу 6 (шест) месеци.

Ако во определниот рок предвиден со овој Статут, единицата не избере Декан/Директор, најдоцна во рок од 3 (три) дена од истекот на мандатот на Деканот/Директорот, Ректорот именува времен вршител на должност Декан/Директор, по претходно добиена согласност од лицето кое го именува, за период од најмногу 6 (шест) месеци.

Во случај на престанок на мандатот на Деканот/Директорот пред истекот на рокот за кој е избран, најдоцна во рок од 3 (три) дена од истекот на мандатот на Деканот/Директорот, Ректорот именува времен вршител на должност Декан/Директор, по претходно добиена согласност од лицето кое го именува за период од најмногу 6 (шест) месеци.

Мандатот на времен вршител на должност Декан/Директор може да трае најмногу 6 (шест) месеци, при што за времен вршител на должност Декан/Директор едно лице може да биде именувано само еднаш.

Времениот вршител на должност Декан/Директор не може да се кандидира за Декан/Директор додека ја врши функцијата времен вршител на должноста Декан/Директор.

Најдоцна во рок од 30 (триесет) дена од денот на именувањето на времениот вршител на должноста Декан/Директор, Наставно-научниот совет/Наставничкиот совет на единицата започнува постапка за избор на нов Декан/Директор.

Мандатот на новиот Декан/Директор трае до истекот на рокот за кој е избран претходниот Декан/Директор.

Ако до нов редовен избор на Декан/Директор останува време до 6 (шест) месеци, Ректорот избира вршител на должноста Декан/Директор од редот на продеканите/заменик директорот и не се поведува постапка за избор на Декан/Директор.

## ***Проректори***

*Положба и избор*

### Член 147

Универзитетот има најмногу четири проректори.

Сенатот донесува одлука за бројот на проректорите и областите за коишто се избираат, по предлог на Ректорот.

Проректорите се избираат од редот на професорите од единиците на Универзитетот, кои засновале редовен работен однос на Универзитетот.

Вршењето на должноста проректор е неспоива со вршење на друга јавна функција или функција во политичка партија.

### Член 148

Проректорите, на предлог на Ректорот, со тајно гласање, ги избира Ректорската управа, на првата седница по стапувањето на должност на Ректорот.

Мандатот на проректорите трае три години, со право на уште еден избор, односно додека трае мандатот на Ректорот.

### Член 149

За изборот на проректор, Ректорската управа може да одлучува доколку на седницата присуствуваат најмалку 2/3 од вкупниот број

членови на Ректорската управа, а за проректор е избран оној кандидат кој ќе добие мнозинство гласови од присутните членови.

Ако кандидатот, односно кандидатите за проректори не го добијат мнозинството гласови од претходниот став на овој член, Ректорот предлага друг кандидат, односно кандидати и тој предлог го доставува на првата наредна седница на Ректорската управа.

*Права, должности и одговорности*

**Член 150**

Ректорот во договор со проректорите ги распоредува работите и работните задачи од областите за кои се избрани.

Проректорите, работата од својот делокруг ја извршуваат самостојно, а одговараат пред Ректорот.

**Член 151**

Проректорите се грижат, ги координираат и ги усогласуваат активностите од својот делокруг во рамките на Универзитетот во целина, а вршат и други доверени работи и задачи.

**Член 152**

Во случај на спреченост или отсутност на Ректорот, го заменува еден од проректорите кој ќе го определи и овласти Ректорот.

**Член 153**

На проректор може да му престане функцијата пред истекот на мандатот за кој е избран под условите од член 136 став 1 од овој Статут.

Ректорот може да поднесе предлог за разрешување на проректор.

За разрешување на проректор, Ректорската управа може да одлучува доколку на седницата присуствуваат најмалку 2/3 од вкупниот број членови на Ректорската управа, а е разрешен оној проректор за чие разрешување гласале мнозинство од присутните членови.

***Ректорска управа***

**Член 154**

Ректорската управа ја сочинуваат: ректорот, проректорите, деканите, односно директорите на единиците на Универзитетот и претставник на студентите.

Во работата на Ректорската управа учествува генералниот секретар на Универзитетот, без право на одлучување.

*Надлежност на Ректорската управа*

**Член 155**

Покрај надлежностите утврдени со Законот за високото образование, Ректорската управа:

1. избира проректори на Универзитетот,
2. донесува поблиски одредби за организацијата и одржувањето на интегрираниот информациски систем на Универзитетот,
3. донесува поблиски одредби со кои се утврдуваат основите на интегрираниот библиотечно-информациски систем,
4. одлучува за издавање јавни гласила на Универзитетот,
5. донесува деловник за својата работа,
6. одлучува за организирање зимски/летни школи и други форми на едукација,
7. одлучува за организирање разни видови манифестации, натпревари и други настани,
8. врши и други работи утврдени со закон, со овој Статут и општите акти на Универзитетот.

*Организација и начин на работа на Ректорската управа*

**Член 156**

Ректорската управа ги врши работите од својата надлежност на седници.

Седниците на Ректорската управа се јавни.

Ректорската управа може да одржува свечени седници по повод јубилеи, прослави и други свечености.

На седниците се работи по предложен дневен ред и подготвените материјали за точките од доставениот дневниот ред. На самата седница може да се предложи и расправа само за итни и неодложни прашања.

**Член 157**

Членот на Ректорската управа е должен редовно да присуствува на седниците на Управата и да учествува во нејзината работа.

Членот на Управата кој е спречен да присуствува на седницата на Ректорската управа, должен е за тоа благовремено да извести.

Членот на Управата кој е спречен да присуствува на седницата може да овласти лице кое ќе го заменува на седницата.

Членот на Ректорската управа може да присуствува и на седниците на Сенатот и на другите работни тела и комисии и да учествува во нивната работа, но без право на одлучување.

**Член 158**

Членот на Ректорската управа има право и должност да поднесува предлог-одлуки и други акти кои ги донесува Управата, да учествува во расправата за предлог-одлуките, актите и другите прашања што се на дневен ред на седниците на Управата.

**Член 159**

Членот на Ректорската управа е должен активно да ја врши својата функција и да се придржува кон пропишаниот ред на седницата на Ректорската управа.

**Член 160**

Ректорот на Универзитетот ги свикува седниците на Ректорската управа, раководи со нивната работа и се грижи за текот на седниците.

Во негово отсуство, седница на Управата свикува и со неа раководи еден од проректорите на Универзитетот, овластен од Ректорот.

**Член 161**

Ректорот на Универзитетот ги свикува седниците на Ректорската управа по своја иницијатива или по барање на 1/3 (една третина) од членовите на Управата.

Доколку Ректорот не свика седница по барање на субјектите од став 1 на овој член во рок од 14 (четиринаесет) дена од поднесувањето на барањето, седницата ја свикува предлагачот, а истата е должен да ја води Ректорот или еден од проректорите.

**Член 162**

Ректорската управа на своите седници донесува општи акти, одлуки, заклучоци, препораки, зазема ставови по одделни прашања и дава предлози и мислења.

**Член 163**

Членот на Ректорската управа има право и должност да гласа.

**Член 164**

Ректорската управа може да работи ако на седницата се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови на Управата.

Одлуките на Ректорската управа се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови на Ректорската управа.

Ректорот е должен да го формулира предлогот за кој се гласа и по гласањето да соопшти каква одлука е донесена. Прифатената формулација на Одлуката се внесува во записник.

Одлуките донесени на седница на Ректорската управа ги потпишува Ректорот.

**Член 165**

За одредени прашања од особена важност или итност Сенатот и Ректорската управа може да одржат заедничка седница.

***Универзитетски совет***

*Состав*

**Член 166**

Универзитетскиот совет брои 11 (единаесет) члена:

1. пет члена именува Универзитетскиот сенат, и тоа по едно лице од различни наставно-научни подрачја и од различни единици на Универзитетот, кое не е член на Сенатот,
2. два члена именува Универзитетското студентско собрание од редот на редовните студенти,
3. три члена именува Собранието на Република Северна Македонија,
4. еден член именува најрепрезентативната организација на работодавачите на Република Северна Македонија – Стопанска комора на РСМ.

Во работата на Универзитетскиот совет учествува и Ректорот без право на глас.

Именувањето на членовите од единиците на Универзитетот за Универзитетскиот совет, на предлог од Ректорската управа, го врши Сенатот доколку се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови на Сенатот, а одлучува со мнозинство гласови од присутните членови на Сенатот.

Мандатот на членовите на Универзитетскиот совет трае три години почнувајќи од конститутивната седница, без право на повторен избор, а на членовите избрани од редот на студентите мандатот им трае една година без право на повторен избор.

На конститутивната седница која ја свикува Ректорот на Универзитетот, Универзитетскиот совет избира претседател од редот на именуваните членови од Сенатот, со мнозинство гласови од присутните

членови доколку се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови на Универзитетскиот совет.

*Надлежност на Универзитетскиот совет*

**Член 167**

Универзитетскиот совет врши надзор над:

1. извршувањето на дејноста на Универзитетот,
2. задачите на Универзитетот во согласност со закон и со овој Статут,
3. законитоста на работењето на Универзитетот,
4. рационалната употреба на кадровските и материјалните ресурси,
5. донесува деловник за работа,
6. дава мислење за оптштетвено економската-оправданост за формирање на внатрешни организациони единици,
7. врши и други работи утврдени со закон, овој Статут и актот за основање.

Универзитетскиот совет не може да има надлежност со која се ограничува и повредува автономијата на Универзитетот.

Во рамките на надлежностите, Универзитетскиот совет предлага мерки до органите на Универзитетот за доследно извршување на дејноста и задачите на Универзитетот, укажува на незаконските акти и дејствија на Универзитетот и на единиците, предлага мерки за рационално користење на кадровските и материјалните ресурси на Универзитетот и на единиците, се грижи за заштита на автономијата на Универзитетот и презема мерки во случај на повреда на автономијата на Универзитетот, најмалку еднаш годишно доставува информација до Министерството надлежно за работите на високото образование и до Сенатот на Универзитетот.

*Начин на одлучување на Универзитетскиот совет*

**Член 168**

Универзитетскиот совет одлучува на седници.

Седниците ги закажува и со нив претседава претседателот.

Универзитетскиот совет може да работи, ако на седницата се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови на Советот.

Одлуките на Универзитетскиот совет се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови на Советот.

Гласањето на седниците на Советот се врши јавно, а за определени прашања Советот може да одлучи гласањето да биде тајно.

## *Овластено лице за прием на пријави на корупција*

### Член 169

Заради поефикасно спречување и заштита од корупција, Универзитетскиот сенат од редот на редовните професори на Универзитетот избира овластено лице за прием на пријави на корупција.

Пријавувањето на корупција се врши усно на записник или во писмена форма.

Овластеното лице за прием на пријави на корупција, е должно:

- да постапува по пријавувањето од ставот 2 на овој член согласно утврдените процедури;
- да ги заштити личните податоци на пријавувачот, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на пријавувачот кој бара да биде анонимен или пријавува доверливо, во согласност со прописите за заштита на личните податоци и
- да го информира пријавувачот кој е познат за преземените мерки во врска со пријавата без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.

Овластеното лице за прием на пријави за корупција се избира за време од три години, со право на уште еден избор.

Овластеното лице за прием на пријави за корупција најмалку два пати годишно доставува извештај за својата работа до Сенатот на Универзитетот.

Работата и надоместокот на овластеното лице за прием на пријави на корупција поблиску се уредува со Правилник кој го донесува Сенатот на Универзитетот.

## *Работни тела и комисии на Универзитетот*

*Работни тела и комисии*

### Член 170

Универзитетот формира комисии, одбори и други работни тела за проучување и изготвување предлози за прашања од делокругот на работата на органите на Универзитетот.

### Член 171

Универзитетот ги формира следниве постојани комисии:

1. Комисија за настава и обезбедување квалитет,
2. Комисија за наука и меѓународна соработка,
3. Комисија за материјално-финансиски работи и инвестиции,
4. Комисија за издавачка дејност,

5. Комисија за нормативно-правни работи,
6. Комисија за студентски работи,
7. Комисија за информатички и комуникациски технологии.

По потреба може да се формираат и други повремени комисии или работни тела.

**Член 172**

Сенатот, на предлог на Ректорската управа, односно Ректорот, со одлука ги утврдува составот и надлежноста на постојаните Комисии и ги именува нивните претседатели.

Мандатот на членовите на постојаните Комисии трае колку и мандатот на Ректорот, освен на членовите чие партиципирање е по функција.

**Член 173**

Седниците ги закажува претседателот на соодветната Комисија по сопствена иницијатива, а должен е да свика седница, ако тоа го побара Ректорот на Универзитетот/Претседателот на Сенатот или една третина од членовите на Комисијата, со соопштување на прашањата што ќе бидат на дневен ред на таа Комисија.

**Член 174**

Комисијата може да работи ако на седницата присуствува мнозинство од членовите на Комисијата, а заклучоците, предлозите и мислењата се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови.

**Член 175**

Заради проучувања на одделни прашања од својата надлежност и подготвување извештаи и нацрт-акти за потребите на органите на Универзитетот, Комисиите може да формираат работни групи од наставници, соработници, студенти и други вработени лица на Универзитетот, како и членови на заинтерсираните органи и организации.

Во работата на Комисиите може да учествуваат и други лица, без право на одлучување.

**Член 176**

Комисиите даваат предлози и мислења и донесуваат заклучоци.

**Член 177**

Членовите од редот на студентите во органите и другите тела на Универзитетот ги избира Универзитетското студентско собрание на Универзитетот.

# XIII. ОРГАНИ И ТЕЛА НА ЕДИНИЦИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

## *Наставно-научен, односно наставнички совет*

### Член 178

Наставно-научниот совет го сочинуваат редовните и вонредните професори и доцентите кои се во работен однос на факултетот.

Наставничкиот совет го сочинуваат професорите, вишите предавачи и предавачите кои се во работен однос на високата стручна школа.

Во Наставно-научниот/Наставничкиот совет свои претставници избира и факултетското студентско собрание/студентско собрание на високата стручна школа кои учествуваат со 10% од вкупниот број членови на Наставно-научниот/Наставничкиот совет, со мандат од 1 година без право на повторен избор.

Поблиски одредби за начинот на избор на претставниците на студентите се утврдуваат со статут на единицата.

## *Научен совет на научен институт*

### Член 179

Научните институти акредитирани за вршење високообразовна дејност, основаат научен совет за студиите од втор и трет циклус студии, кој го сочинуваат лицата избрани во научни звања кои учествуваат во изведувањето на наставата.

## *Избор и разрешување на декан, односно директор*

### Член 180

Деканот односно Директорот е раководен орган кој го претставува факултетот/високата стручна школа во земјата и странство, во согласнот со овој Статут и статутот на единицата.

Деканот се избира од редот на редовните и вонредните професори на факултетот, а доколку нема редовни и вонредни професори и од редот на доцентите за време од три години, со право на уште еден избор.

Надлежностите на Деканот, односно Директорот се утврдени со закон, со овој Статут и со статутот на единицата.

Наставно-научниот совет на факултетот, односно Наставничкиот совет на високата стручна школа избира Декан, односно Директор и одлуката му ја доставува на потврдување на Сенатот.

Деканот односно директорот се избира со тајно гласање.

Наставно-научниот, односно Наставничкиот совет за изборот на Декан односно Директор може полноважно да одлучува доколку се присутни 2/3 од вкупниот број негови членови, а одлуката за изборот ја донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

### *Избор на декан*

**Член 181**

Постапката за избор на Декан, односно Директор започнува најрано 7 (седум) месеци, а најдоцна 6 (шест) месеци пред истекот на мандатот на актуелниот Декан, односно Директор.

Наставно-научниот/Наставничкиот совет донесува одлука за започнување на постапката и формира изборна комисија од 3 члена, а доколку не ја донесе одлуката, одлука за започнување постапка донесува Ректорот.

Секој редовен и вонреден професор, а доколку нема редовни и вонредени професори и секој доцент, имаат право, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на одлуката за започнување на постапка за избор на Декан/Директор, да се кандидираат за Декан/Директор.

Пријавените кандидати, до изборната комисија, со кандидатурата доставуваат и програма за работа за мандатниот период.

Изборната комисија ги доставува кандидатурите и програмите на кандидатите за Декан/Директор до членовите на Наставно-научниот/ Наставничкиот совет, во рок од 3 дена по истекот на рокот за кандидирање, спроведува гласање и објавува резултати.

**Член 182**

Ако при гласањето, во првиот круг, не биде избран Декан/Директор, гласањето се повторува уште еднаш, но само за кандидатите што добиле најмалку една третина гласови од вкупниот број членови на Наставно-научниот/Наставничкиот совет. Ако и при повторното гласање не се избере Декан/Директор целата постапка се повторува.

Ако за избор на Декан/Директор има предложено само еден кандидат и ако при гласањето во првиот круг тој не го добие потребното мнозинство гласови, целата постапка се повторува.

При повторната постапка не учествуваат кандидатите за Декан/Директор од претходната постапка.

**Член 183**

Одлуката за избор на Декан/Директор ја потврдува Сенатот на Универзитетот.

Ако Сенатот не го потврди изборот на Декан/Директор, постапката се повторува. Во повторната постапка не учествува претходно избраниот декан од страна на Наставно-научниот совет.

Сенатот нема право да го потврди изборот на Декан/Директор ако тој не ги исполнува условите утврдени со закон или при сторена повреда на постапката за избор.

Изборот на декан односно директор треба да се изврши најдоцна 30 дена пред истекот на мандатот на актуелниот декан.

Доколку во определениот рок од претходниот став единицата не избере Декан односно Директор, Ректорот именува вршител на должноста Декан/Директор за време од најмногу 6 (шест) месеци.

**Член 184**

Ако Наставно-научниот/Наставничкиот совет не го прифати Извештајот за работа на Деканот/Директорот се смета дека Деканот/Директорот е разрешен.

До изборот на нов Декан/Директор, Ректорот именува вршител на должност Декан/Директор, согласно со овој Статут.

Истиот ден кога Наставно-научниот/Наставничкиот совет нема да го прифати Извештајот за работа на Деканот/Директорот, отпочнува постапка за избор на нов Декан/Директор.

**Член 185**

Начинот на пријавување и изборот за Декан, односно Директор и разрешување на Деканот и продеканите, односно Директорот и заменикот на директорот, поблиску се уредуваат со статутот на единицата, во согласност со овој Статут.

**Член 186**

Одредбите за избор на Декан/Директор се применуваат и за избор на Директор на научен институт.

Мандатите на Декан на факултет и Директор на научен институт се со исто времетраење.

***Продекани***

**Член 187**

Факултетот може да има најмногу 3 (три) продекани.

За вршење на дел од своите права и обврски Деканот може да ги овластува продеканите. Бројот на продеканите се утврдува со статутот на единицата.

Вршењето на должноста продекан е неспоиво со вршењето на друга јавна функција или функција во политичка партија.

**Член 188**

Продеканите, на предлог на деканот, ги избира Наставно-научниот совет од редот на редовните, вонредните професори и доцентите, на првата седница по стапувањето на должност на Деканот, со тајно гласање, според постапка утврдена со статутот на единицата.

За својата работа продеканите одговараат пред Деканот и пред Наставно-научниот совет.

***Заменик директор***

**Член 189**

Високата стручна школа/научниот институт имаат еден заменик директор.

За вршење на дел од своите права и обврски Директорот може да го овласти заменик директорот.

Вршењето на должноста заменик директор е неспоива со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија.

**Член 190**

Заменик директорот, на предлог на Директорот, го избира Наставничкиот/Научниот совет од редот на наставниците, на првата седница по стапувањето на должност на директорот, со тајно гласање, според постапка утврдена со статутот на единицата.

За својата работа заменик директорот одговара пред Директорот и пред Наставничкиот/Научниот совет.

***Деканатска управа / Управа на висока стручна школа / Совет на научен институт***

**Член 191**

Составот и надлежностите на Деканатската управа/Управата на високата стручна школа/Советот на научниот институт се утврдени со закон и со статутот на единицата.

# XIV. САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

**Член 192**

Самоевалуацијата на Универзитетот и на единиците во состав на Универзитетот се спроведува на интервали од најмногу три студиски години, врз основа на Законот за високото образование, овој Статут, Правилникот за обезбедување на квалитет на Универзитетот и Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот, кои ги донесува Универзитетскиот сенат во согласност со Правилникот за стандардите и постапката за самоевалуација и надворешна евалуација кој го донесува Националниот совет за високо образование.

**Член 193**

Дел од постапката за самоевалуација е и студентската анкета, преку која се прибира и формира оценката на студентите за квалитетот на студиските програми и наставно-научниот, наставно–стручниот, наставниот, научниот и соработничкиот кадар на единиците на Универзитетот.

Составен дел на самоевалуацијата е анкета на студентите за квалитетот на наставно-научниот, наставно–стручниот, наставниот, научниот и соработничкиот кадар која се спроведува во втората половина од семестарот односно учебната година, за секој предмет одделно, зависно дали се работи за едносеместрален или двосеместрален предмет.

Студентската анкета на единиците се спроведува секоја академска година, пред почетокот на зимскиот, односно летниот семестар, врз основа на Упатство за студентска анкета на Универзитетот и единиците, донесено од Ректорската управа на Универзитетот.

**Член 194**

Самоевалуацијата на Универзитетот и на единиците ја врши Комисија за самоевалуација на Универзитетот и Комисии за самоевалуација на единиците.

**Член 195**

Комисијата за самоевалуација на Универзитетот е составена од 9 (девет) члена, од кои 2 (два) се претставници на студентите.

Членовите на Комисијата за самоевалуација ги избира Сенатот од редот на наставниците кои не се членови на Сенатот, со тајно гласање.

Мандатот на членовите од редот на наставниците е 4 (четири) години, а на претставниците на студентите 1 (една) година.

При изборот на членовите на Комисијата се обезбедува соодветна застапеност на сите наставно-научни подрачја на Универзитетот.

Со Комисијата за самоевалуација на Универзитетот раководи претседател избран од редот на наставниците членови на Комисијата. Претседателот на Комисијата го избираат членовите на Комисијата.

**Член 196**

Самоевалуацијата на единицата ја спроведува Комисија за самоевалуација на единицата составена од 5 (пет) члена, од кои 4 (четири) се избираат од редот на наставниците и соработниците и 1 (еден) од редот на студентите.

Мандатот на членовите од редот на наставниците трае 4 (четири) години, а мандатот на студентот 1 (една) година.

Наставно-научниот совет, Наставничкиот совет, односно Советот, ги избира членовите на Комисијата, со тајно гласање.

Со Комисијата за самоевалуација на единицата раководи претседател избран од редот на наставниците-членови на Комисијата.

Претседателот на Комисијата го избираат членовите на Комисијата.

**Член 197**

Комисиите за самоевалуација на Универзитетот и на единиците изготвуваат извештај за резултатите од самоевалуацијата, со оцена на состојбата и со предлози за подобрување во подрачјата на внатрешното обезбедување и унапредување на квалитетот во работењето на Универзитетот и на единиците во негов состав.

Резултатите од самоевалуацијата се објавуваат на веб-страницата на универзитетот и на веб-страницата на секоја единица на Универзитетот одделно (факултет, висока стручна школа или научен институт).

## XV. РАЗВОЈ, ФИНАНСИРАЊЕ И ИМОТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

### *Финансирање*

*Приходи*

**Член 198**

Универзитетот и единиците стекнуваат средства од:

1. Буџетот на Република Северна Македонија,
2. Други извори:
   2.1. партиципација во трошоци за студирање на студентите чие образование се финансира од Буџетот на РСМ,

2.2. школарина за студирање на студентите чие образование не се финансира од Буџетот на РСМ,
2.3. вршење на образовна дејност на прв, втор и трет циклус студии,
2.4. вршење образовна дејност преку различни форми за надоградување, продлабочување или проширување на знаењата и континуирано образование,
2.5. вршење научно-истражувачка, апликативна, стручна и творечка дејност за домашни и за странски правни и физички лица,
2.6. размена на научни и стручни услуги и производи со домашни и странски физички и правни лица,
2.7. продавање производи и услуги на домашни и на странски правни и физички лица,
2.8. дејности по основ на јавни овластувања,
2.9. уметнички творби,
2.10. камати и дивиденди,
2.11. авторски и други интелектуални права,
2.12. издавачка дејност на Универзитетот и неговите единици,
2.13. добивка од трговските друштва основани од Универзитетот по предлог и со средства на Универзитетот или единица на Универзитетот,
2.14. од домашни и странски правни и физички лица и
2.15. други извори.

**3.** Посебни приходи:
3.1. научно-истражувачки и други проекти,
3.2. научно-истражувачки проекти кои се реализираат врз основа на спогодби што ги потпишала Република Северна Македонија,
3.3. закупнини и други приходи од имот,
3.4. фондови и фондации, установи и трговски друштва,
3.5. легати, подароци, завештанија, прилози и
3.6. други остварувања.

### Член 199

Универзитетот, во рамките на бројот на студенти определен со Конкурсот воведува партиципација на трошоците за студирање за студентите чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија до максимален износ утврден од Националниот совет, по претходна согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Универзитетот, во рамките на бројот на студенти определен со Конкурсот воведува школарина за студирање за студентите чие образование не се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија до максимален износ утврден од Националниот совет, по претходна согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Со школарината се утврдуваат трошоците за студирање за една студиска година односно за стекнување на 60 ЕКТС.

*Располагање со приходите*

**Член 200**

Со приходите стекнати од Буџетот на РСМ, Универзитетот и единиците располагаат според критериуми за намени утврдени од надлежното Министерство, орган и сл.

Со приходите стекнати од Буџетот на РСМ, а наменети за капитални инвестиции, располага Универзитетот и истите се распределуваат согласно потребите на Универзитетот и единиците, врз основа на одлука на Ректорот на Универзитетот, согласно актите на Универзитетот.

Со приходите од други извори, Универзитетот, односно единиците што ги создале располагаат самостојно, во согласност со овој Статут, со статутите на единиците и другите акти на Универзитетот и единиците.

Посебните приходи се водат на посебни сметки на Универзитетот. Со овластување од Ректорот, единиците коишто учествувале во нивното создавање самостојно располагаат со тие средства во согласност со овој Статут.

Со средствата стекнати од легати, подароци, завештанија и прилози, располагањето се остварува според намената на давателот во согласност со овој Статут.

*Остварување на интегрираните дејности*

**Член 201**

За остварувањето на интегрираните и другите дејности од членот 11 на овој Статут, единиците на Универзитетот издвојуваат 5% од приходите остварени во согласност со членот 198 став 1 точка 2, освен за приходите од потточката 2.5 од кои издвојуваат 3% и од потточката 2.12 од кои издвојуваат 4%. За приходите од член 198 став 1 точка 3 издвојувањата се регулираат со Правилникот од став 2 на овој член.

На предлог на Ректорската управа, Сенатот на Универзитетот донесува Правилник за начинот и постапката за пресметување, уплата и распределба на средствата од став 1 од овој член, наменети за остварување на интегрираните и другите дејности на Универзитетот.

За солидарен фонд, претфинансирање и поддршка на проекти може да се донесе Одлука со која ќе се определи единиците да издвојуваат до 2% од приходите. Одлуката за издвојување и утврдување на висината на процентот на приходите ја носи Универзитетскиот сенат на предлог на Ректорската управа.

Правилник за начинот и постапката за пресметување, уплата и распределба на средствата од став 3 од овој член, на предлог на Ректорската управа, донесува Сенатот на Универзитетот.

## ***Покривање на расходите***

*Покривање на расходите на Универзитетот*

### Член 202

Универзитетот, со дел од средствата со коишто располага, ги покрива расходите за вршење на дејноста од член 11 од овој Статут:

1. покривање на трошоците што произлегуваат од интегративните функции во согласност со овој Статут,
2. бруто плати на лицата на кои платата им се исплаќа од сметките на Универзитетот (вклучувајќи ги даноците, придонесите, надоместоците и сл),
3. бруто материјални трошоци за работата на органите, комисиите и телата и сл. на Универзитетот,
4. комунални трошоци за имотот што го користи Централната стручна и административна служба-Ректоратот на Универзитетот (греење, вода, струја, ПТТ и др.),
5. капитални вложувања, инвестиционо одржување, амортизација за имотот што го користи Централната стручна и административна служба-Ректоратот на Универзитетот (згради, опрема, книги и др.),
6. финансиски трошоци за обврски што ги презел Универзитетот (камати, осигурување и др.),
7. патувања во рамките на дејноста на органите и телата на Универзитетот и вработените во Централната стручна и административна служба-Ректоратот на Универзитетот,
8. исполнување на преземени обврски од единиците кон трети лица од страна на Универзитетот,
9. исполнување на други преземени обврски кон трети лица од страна на Универзитетот,
10. развој и проширување на дејноста што се остварува преку органите на Универзитетот,
11. други трошоци.

*Покривање на расходите на единицата*

### Член 203

По извршувањето на обврските од член 201 од овој Статут, единиците од средствата со коишто самостојно располагаат во согласност со овој Статут, ги покриваат расходите за вршење на дејноста:

1. бруто плати на лицата на кои платата им се исплаќа од сметката на единицата (вклучувајќи ги даноците, придонесите, надоместоците и сл),
2. бруто материјални трошоци за остварување на дејноста на единицата (канцелариска опрема со материјали, лабораториска опрема со материјали, литература и сл.),
3. комунални трошоци за имотот што го користи единицата (греење, вода, струја, ПТТ и др,),
4. капитални вложувања, инвестиционо одржување, амортизација за имотот што го користи единицата (згради, опрема, книги и др.),
5. финансиски трошоци за обврски што ги презела единицата (камати, осигурување и др.),
6. патувања,
7. развој и проширување на дејноста на единицата,
8. исполнување на преземени обврски од страна на единицата,
9. сите трошоци што произлегуваат од дејноста на единиците,
10. други трошоци.

**Член 204**

Покривањето на расходите на Универзитетот и на единиците се врши во зависност од изворите на средствата во согласност со Уредбата за мерила и критериуми за финансирање на високото образование, која по предлог на Националниот совет ја донесува Владата на Република Северна Македонија.

***Финансиски план и завршна сметка***

**Член 205**

Универзитетот донесува годишен финансиски план.

Годишниот финансиски план на Универзитетот ги содржи годишните финансиски планови на единиците и на организационите единици, по програми, потпрограми, ставки и сметки.

Универзитетот изготвува збирни годишни, квартални и месечни финансиски планови по програми и ставки, врз основа на претходно изработени годишни, квартални и месечни планови на единиците по програми, ставки и сметки.

Единиците донесуваат завршни сметки и ги доставуваат до Универзитетот и до надлежните органи во согласност со законските прописи.

Универзитетот донесува завршни сметки и ги доставува до надлежните органи во согласност со законските прописи.

Завршната сметка на Универзитетот претставува консолидирана финансиска сметка со завршните сметки на единиците на Универзитетот.

***Даночен број***

**Член 206**

Универзитетот има даночен број.

Во рамките на Универзитетот постојат и даночни броеви за сметките на единиците.

Проектите имаат свои даночни броеви.

***Финансиско и сметководствено работење***

**Член 207**

Универзитетот и единиците водат посебно сметководство за средствата од Буџетот на РСМ и за другите и посебните приходи.

Финансиското и сметководственото работење и надзорот над законитоста на работењето на Универзитетот и на единиците се врши во согласност со Законот, подзаконските акти и општите акти на Универзитетот.

За финансиското работење на единицата е одговорен Деканот, односно Директорот на единицата.

***Недвижен имот***

**Член 208**

Недвижниот имот на Универзитетот и недвижниот имот стекнат од легати, наменски прилози, подароци и завештанија, се имот на Универзитетот.

Недвижниот имот на Универзитетот и недвижниот имот на Универзитетот стекнат од легати и наменски прилози, единиците можат да го користат со овластување од Ректорот.

*Располагање со недвижниот имот*

**Член 209**

Универзитетот може да го отуѓува недвижниот имот по претходно добиена согласност од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Сенатот во согласност со единицата која го користи недвижниот имот.

Средствата добиени од продажба на имотот од ставот 1 на овој член се употребуваат за инвестиции, инвестициско одржување и опрема по претходно добиена согласност од Владата на Република Северна Македонија.

### ***Други ствари***

**Член 210**

Другите ствари што ги користи Универзитетот, стварите стекнати во согласност со овој Статут, стварите стекнати од легати, наменски прилози, подароци и завештанија се имот на Универзитетот.

Другите ствари што ги користи единицата, стварите стекнати во согласност со овој Статут, стварите стекнати од легати, наменски прилози, подароци и завештанија, се имот во сопственост на единицата.

**Член 211**

Универзитетот и единиците располагаат и управуваат со стварите од претходниот член и ги користат стварите, паричните средства, правата од интелектуална сопственост и другите материјални права заради вршење на високообразовна и научна дејност, под услови определени со закон и со овој Статут.

### ***Наменско користење на завештанијата, средствата на фондациите или другите наменски фондови***

**Член 212**

Недвижностите и другите средства дадени како завештанија, средствата на фондациите или другите наменски фондови, Универзитетот и единиците ги користат исклучително според намената што ја определил донаторот, во согласност со закон.

## XVI. ВИСОКООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

**Член 213**

На Универзитетот се организираат академски и стручни студии.

**Член 214**

Студиите на Универзитетот се остваруваат врз основа на акредитирани студиски програми и според правилата за студирање засновани на Европскиот кредит трансфер систем на пренос и акумулација на кредити – ЕКТС (ЕКТС – European Credit Transfer and Accumulation System).

Бројот на ЕКТС кредити претставува квантитативна мерка за работа и активности неопходни за успешно завршување на студиите.

**Член 215**

На Универзитетот се организираат студии во три циклуси на високото образование.

По завршување на студиите од став 1 на овој член, лицето се стекнува со соодветен академски, односно стручен назив на прв и на втор циклус студии и научен назив на трет циклус студии, во согласност со Националната рамка на високообразовни квалификации утврдена со Законот за националната рамка на квалификации на високото образование.

***Носители на студиите***

**Член 216**

Студиите се изведуваат во единиците на Универзитетот.

Две или повеќе единици можат да изведуваат заедничка студиска програма, а прашањата поврзани со начинот на организација и реализација на заедничката студиска програма се регулираат со Елаборатот.

Единиците од претходниот став се одговорни за реализацијата на студиските програми.

Универзитетот може, врз основа на договор за соработка да организира и изведува студии заедно со друга високообразовна или научна установа од земјата и странство за што одлучува Сенатот.

***Услови и начин на запишување на студии***

**Член 217**

Запишувањето на студии се врши врз основа на јавен конкурс кој го објавува Универзитетот. Конкурсот за упис содржи: име на установата и адреса, назив на студиската програма, место на изведување на студиската програма, времетраење на студиите, услови за упис, предвиден број на слободни места за запишување, висината на партиципацијата и школарината што студентот треба да ја плати, постапки и рокови за пријавување и за изведување на уписот.

Наставно-научниот/Наставничкиот/Научниот совет на единиците на Универзитетот утврдуваат број на слободни места за запишување и износ на партиципација и школарина на студиите, коишто ги доставуваат до Централната стручна и административна служба на Универзитетот.

Предлог-конкурсот за запишување студенти на прв и втор циклус студии го подготвува надлежната Комисија на Универзитетот и истиот го доставува до Ректорската управа.

Предлог-конкурсот за запишување студенти на трет циклус студии го подготвува Советот на докторски студии на Универзитетот и истиот го доставува до Ректорската управа.

Ректорската управа утврдува и објавува Конкурс за запишување студенти на прв, втор и трет циклус студии по претходна согласност на Владата на Република Северна Македонија.

***Академски, стручен и научен назив***

**Член 218**

Академските, стручните и научните називи се определуваат во согласност со закон и со општ акт на Националниот совет со кој се утврдуваат академските, стручните и научните називи.

На Универзитетот се стекнуваат следниве видови дипломи:

1. диплома на *стручни студии од прв циклус* - по завршување на студиска програма во траење од 3 години, стекнува 180 ЕКТС кредити и ниво на квалификација VIБ,
2. диплома на *академски студии од прв циклус* - по завршување на студиска програма во траење од 3 години, стекнува 180 ЕКТС кредити и ниво на квалификација VIБ,
3. диплома на *академски студии од прв циклус* - по завршување на студиска програма во траење од 4 години, стекнува 240 ЕКТС кредити и ниво на квалификација VIА,
4. диплома на *стручни студии од втор циклус* - по завршување на студиска програма во траење од 1 година, стекнува 60 ЕКТС кредити и ниво на квалификација VIIБ,
5. диплома за *академски студии од втор циклус* - по завршување на студиска програма во траење од 1 година, стекнува 60 ЕКТС кредити и ниво на квалификација VIIА,
6. диплома за *академски студии од втор циклус* - по завршување на студиска програма во траење од 2 години, стекнува 120 ЕКТС кредити и ниво на квалификација VIIА,
7. диплома за академски студии од трет циклус (докторски студии) - по завршување на студиска програма во траење од 3 години, стекнува 180 ЕКТС кредити и ниво на квалификација VIII.

Траењето на студиите и бројот на кредитите за студиските програми за регулираните професии се утврдуваат со закон и со студиската програма.

**Член 219**

Поблиски одредби за студирање на прв, втор и трет циклус на студии, како и на стручни студии, преминот од една на друга студиска програма, паралелното студирање, студентскиот календар, уписните постапки, испитниот режим, напредувањето–инклузивно со условите за побрзо напредување, завршувањето на образованието, преминувањата помеѓу студиските програми, повторувањето на годината, односно условното напредување, продолжувањето на студиите по прекинувањето, паралелното интердисциплинарно и индивидуално студирање и признавање на испитите и на другите студиски обврски положени на различни високообразовни установи, видот на документите коишто му се издаваат на студентот врз основа на евиденцијата, определена со закон, постапката за заштита на правата на студентите, органите надлежни за водење на постапките и одлучувањето и други правила поврзани со правата и должностите на студентите во студирањето, се утврдуваат со посебни правилници на Универзитетот, односно единицата.

***Содржина на студиските програми***

**Член 220**

Студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус студии се оформуваат според нормативи, стандарди и методологија, кои се прифатени на единствениот европски простор за високо образование така што овозможуваат споредливост со програмите на високообразовните установи во тој простор.

Студиските програми содржат задолжителни и изборни наставни предмети во согласност со законот.

Начинот и условите за изведување клиничка и практичната настава на единиците на кои истата се реализира се уредуваат со закон и со акт на единицата.

**Член 221**

Студиските програми се изведуваат според план за реализација на наставата, коишто, во согласност со Законот и правилата на Универзитетот, ги донесува единицата на Универзитетот што ја реализира студиската програма.

Со планот за реализација на наставата се утврдува:

- наставен и соработнички кадар кој ќе ја реализира наставата на студиската програма,
- место на изведување на наставата,
- почеток и крај и временска рамка за изведување на наставата,
- облици на наставата (предавања, семинари, вежби, консултации, теренска работа, проверка на знаењата и друго),

- начин на полагање на испитите,
- испитни рокови и мерила за испитување,
- попис на литературата за предметните програми и полагање на испитите,
- можност за реализација на студиската програма или делови од студиската програма на странски јазик,
- можност за изведување на студиската програма или делови од студиската програма со далечинско учење,
- како и други важни податоци за уредно изведување на студиската програма.

Препорачаната литература за одредени предметни програми и за поодделни предмети мора да биде усогласена со обемот и рамките на програмата.

Планот за реализација на наставата се објавува пред почетокот на наставата во односната академска година и е достапен за јавноста.

Планот се објавува на веб-страницата на единицата на Универзитетот.

***Програми за стручно и професионално усовршување***

**Член 222**

Стручното и професионално усовршување се врши според претходно утврдена програма.

Програмата од претходниот став ја одобрува Сенатот, Наставно-научниот, Наставничкиот, односно Научниот совет, во зависност од тоа кој е организатор на стручното и професионално усовршување и истата го содржи вкупниот број часови потребни за соодветното усовршување, посебно бројот на часови за настава, посебно за практична работа и вежби, потребната литература, начинот на проверка на знаењата и вештините стекнати по реализацијата на програмата и други прашања од значење за успешна реализација на програмата.

Универзитетот, односно неговите единици, можат да организираат стручно, односно професионално усовршување, доколку се исполнети следниве услови:

1. да има изработено елаборат за истото,
2. да се обезбедени просторни, технички и кадровски услови и
3. други услови.

**Член 223**

Лицата кои посетуваат форми за стручно, односно професионално усовршување должни се да се придржуваат кон програмата за реализација

на стручното, односно професионалното усовршување и по завршувањето на истото да се јават на проверка на знаењата и вештините од посетувањето на програмата.

Овие лица при совладувањето на барањата утврдени со програмата имаат право да ги користат поволностите што Универзитетот, односно неговите едници им ги пружаат на своите студенти во поглед на користењето на библиотечниот систем, компјутерската мрежа и слично.

Поблиски одредби за формите за стручно, односно професионално усовршување и другите услови за нивно организирање, како и правата и обврските на лицата кои ги посетуваат ќе се уредат со акт на Универзитетот односно единиците во негов состав во согласност со овој Статут.

Покрај програмите за стручно, односно професионално усовршување, Универзитетот и неговите единици организираат различни облици на неформално учење како: курсеви, обуки, летни и зимски школи, работилници и слично.

**Член 224**

За стекнати стручни и професионални знаења и други облици на неформално учење, единиците издаваат потврди односно сертификати за стручно образование во кои се наведува видот и обемот на стекнатото стручно образование.

Потврдите односно сертификатите ги потпишува Деканот на факултетот, односно Директорот на високата стручна школа.

Поблиски одредби за стручното образование, потврдите и сертификатите што се издаваат се утврдуваат со статутот на факултетот, односно високата стручна школа.

***Стручно образование пократко од три години***

**Член 225**

На Универзитетот и единиците во негов состав може да се организира стручно образование со траење пократко од три години.

За стекнатите стручни знаења и обуки од претходниот став на лицето му се издава сертификат односно потврда.

Обликот и формата на сертификатот односно потврдата ги пропишува Сенатот на Универзитетот, а ги потпишува Деканот/Директорот на единицата на Универзитетот.

На лицето кое стекнало сертификат односно потврда според програма која е дел од акредитирана студиска програма од прв циклус на високообразовни стручни студии, стекнатото стручно знаење и обука изразени во кредити му се признаваат како дел од соодветната високообразовна студиска програма.

Лицето од ставот 3 кое се стекнало со стручно знаење и кредити на ваков начин и има стекнато знаење од други форми на учење може да ги продолжи студиите според студиската програма врз основа на претходно мислење од комисија од 3 (три) члена формирана од Ректорот/Деканот/ Директорот, која има задача да изврши евалуација на стекнатите знаења и исполнетоста на потребните услови за продолжување на студиите на соодветната студиска програма.

***Доживотно учење***

**Член 226**

Универзитетот организира програми за доживотно учење користејќи пред сé иновативни методи и инструменти за подучување и учење (користење нови технологии, далечинско учење и слично) при што се користи просторот и опремата на Универзитетот.

**Член 227**

Доживотното учење ги има следниве цели:

1. стекнување формална универзитетска диплома,
2. добивање потврда за успешно завршување на специфични програми за обука, почетни и континуирани или
3. надополнување или освежување на компетенциите во одредена област наменето за поранешните студенти.

Програмите за доживотно учење коишто имаат за цел стекнување формална универзитетска диплома не можат да бидат алтернатива за соодветните редовни универзитетски програми, со оглед на тоа што редовните програми се наменети првенствено за повозрасни потенцијални студенти.

Системот на оценување на програмите за доживотно учење, исто така, се базира на ЕКТС кредити.

Претходното учење, формално и неформално, се признава од страна на Универзитетот и на овие студенти им се доделуваат соодветен број ЕКТС кредити што ќе им послужат или како основа за запишување на универзитетска програма (редовна или доживотна) или како елемент во рамките на овие програми.

Поблиски одредби за програмите за доживотно учење се уредуваат со акт на Сенатот.

***Далечинско учење***

**Член 228**

Студиските програми или делови од студиските програми можат да се организираат и преку системот на далечинско учење.

Предлогот на планот за реализација на студиските програми или делови на студиските програми по далечински пат го поднесува единицата којашто е носител на студиската програма, а го потврдува Сенатот по претходно мислење на Ректорската управа.

***Еднакво вреднување на странско образование***

**Член 229**

Право на запишување на трите циклуси на образование имаат и лица кои не завршиле еднакво образование во странство.

Оценка за исполнетоста на условите за упис врши Комисија на Универзитетот, составена од 5 (пет) члена, што ја формира Ректорската управа.

По извршеното вреднување, Комисијата донесува одлука со која се утврдува дека кандидатот:

1. ги исполнува условите за запишување на студии,
2. има потреба да полага диференцијални испити,
3. не ги исполнува условите за запишување.

***Запишување нови предмети***

**Член 230**

Студентот стекнува право на запишување нови предмети на начин и под услови утврдени со Правилникот за единствениот кредит систем и премин од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Универзитетот.

***Проверка на знаењето***

**Член 231**

Проверката на знаењето на студентот по наставните предмети се врши континуирано во текот на наставно-образовниот процес и се изразува во поени.

За исполнување на обврските за полагање на испитот (по делови или во целина), студентот може да оствари најмногу 100 поени или да добие позитивна оценка, која се изразува до 10 (десет), при што оценката 5 (пет) означува недоволен успех.

Со планот на студиите може да се утврди дека некои облици на настава се спроведуваат без оценување или дека се оценуваат описно.

Формирањето конечна оценка од континуираната проверка на знаењата, завршното оценување и останатите активности во рамките на

предметната програма, се врши врз основа на вкупниот број освоени поени по сите основи, и тоа:

- од 0 до 50 поени: оценка 5 (пет);
- од 51 до 60 поени: оценка 6 (шест);
- од 61 до 70 поени: оценка 7 (седум);
- од 71 до 80 поени: оценка 8 (осум);
- од 81 до 90 поени: оценка 9 (девет);
- од 91 до 100 поени: оценка 10 (десет).

Нумеричкиот систем за оценување се споредува со системот на оценување според ЕКТС, и тоа:

| | |
|---|---|
| 10 => A | A => 10 |
| 9 => B | B => 9 |
| 8 => C | C => 8 |
| 7 => D | D => 7 |
| 6 => E | E => 6 |
| 5 => F | F, FX => 5 |

За одредени предмети, доколку природата на компетенциите што студентот треба да ги стекне го дозволува тоа, може да се предвиди и компјутерска проверка на знаењата во рамките на системот за објективна проверка на знаењата на Универзитетот.

Проверката на знаењето по наставните предмети се врши на начините определени во студиската програма и во роковите утврдени со овој Статут.

За завршното оценување, студентот се пријавува по електронски и писмен пат и поднесува образец-пријава одобрена од Сенатот на Универзитетот.

Завршното оценување задолжително се запишува во индексот и во пријавата за завршно оценување.

Просечниот успех на студентот претставува аритметичка средина на оценките од завршното оценување по сите наставни предмети во текот на студиите, вклучувајќи го и завршниот испит.

### *Испитни рокови*

### Член 232

Студентот има право да полага испити по предметите во зимскиот и летниот семестар.

Испитните рокови по правило траат 3 (три) седмици. За секој предмет во секој испитен рок се дава по еден термин.

Испитите можат да се организираат и преку колоквиуми, а крајната оцена се утврдува на завршното оценување во испитна сесија. Во крајната оценка се вкалкулирани постигањата на студентот во текот на континуираното оценување.

Испитите се полагаат од сите предмети што студентот ги запишал според содржината утврдена во студиската програма.

На испит може да излезе оној студент кој ги има завршено сите обврски пропишани со студиската програма за соодветниот предмет.

За секој студент се води испитна документација.

Испитите се јавни и резултатите од испитите се достапни за јавноста, а право на увид во испитната документација има лице кое ќе докаже правен интерес.

Кога студентот ќе пријави испит, но нема да излезе на испитот се смета дека не го искористил правото за полагање во испитната сесија.

### *Диплома и додаток на диплома*

#### Член 233

На студентот му се издаваат следните јавни исправи: диплома, додаток на диплома и уверение за завршен циклус на студии (со и без оценки и кредити).

#### Член 234

Дипломата е јавна исправа и се издава во еден примерок, на македонски јазик. Во случај да се загуби или уништи, се издава дупликат диплома.

По барање на кандидатот, дипломата се издава и на еден од светските јазици. Трошоците паѓаат на товар на кандидатот.

#### Член 235

Кратенката за научниот степен се става пред, а кратенката за стручниот назив по името и презимето на лицето.

#### Член 236

Поблиски одредби за формата, содржината и постапката за издавање на диплома и други документи за завршени студии на високо образование, како и за начинот на вршење контрола на издадените документи, донесува Ректорската управа.

### *Промоција на лица кои завршиле докторски студиски програми од трет циклус*

#### Член 237

Промоцијата на лицата коишто завршиле докторски студиски програми од трет циклус и се здобиле со научен назив доктор на науки ја

врши Ректорот на Универзитетот во согласност со овој Статут и актите на Универзитетот.

По известувањето на Универзитетот од страна на единицата дека има кандидат кој одбранил докторска дисертација, административната служба на Ректоратот писмено го известува Деканот, односно Директорот на единицата за терминот на промоција, а истовремено го известува менторот, членовите на Комисијата за одбрана и кандидатот за промовирање.

На чинот на промоцијата Деканот, односно Директорот изнесува биографски податоци и податоци за работното движење на кандидатот, додека менторот ја образложува докторската дисертација и резултатите од истражувањето.

Ректорот на Универзитетот го промовира предложениот кандидат за доктор на науки во научната област во која ја одбранил докторската дисертација и му врачува диплома за стекнат научен назив доктор на науки.

## XVII. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА, АПЛИКАТИВНА, СТРУЧНА, УМЕТНИЧКА И ТВОРЕЧКА ДЕЈНОСТ

### Член 238

На Универзитетот се организира фундаментално, развојно и применето истражување и друга апликативна, стручна, уметничка и творечка дејност, во согласност со основната мисија на Универзитетот, која ги обезбедува целокупноста и потребниот стандард и квалитет на образовниот и истражувачкиот процес, во согласност со Законот за високото образование, Законот за научно-истражувачка дејност и во согласност со овој Статут.

### Член 239

Научното-истражувачката и другата апликативна, стручна, уметничка и творечка дејност која се врши на Универзитетот има за цел развивање на науката и творештвото, унапредување на дејноста на високото образование, подигнување на квалитетот на наставата и усовршување на кадарот, воведување на студентите во научно-истражувачката, односно апликативната, стручната, уметничката и творечката дејност, како и создавање материјални услови за работа и развој на Универзитетот, во согласност со закон.

**Член 240**

Научно-истражувачката, апликативната, стручната, уметничката и творечката дејност се реализира на Универзитетот, на единиците и другите внатрешни организацони единици на Универзитетот. Таа може да се реализира и во соработка со научните установи - придружни членки на Универзитетот, во согласност со овој Статут.

Универзитетот, и единиците, во интерес на подигање на квалитетот на научно-истражувачките и развојните дејности, на наставниот процес, како и непреченото одвивање на научно-истражувачката дејност, заради пренос на правата од интелектуална сопственост кои произлегуваат од нејзината дејност, особено од научно-истражувачката и апликативната дејност, самостојно или со друг основач може да формираат трговско друштво или установа и да инвестираат во нив согласно со закон.

Правата од интелектуалната сопственост создадена при вршењето на научно-истражувачката, творечката, уметничката и стручната дејност се остваруваат во согласност со закон, овој Статут и другите акти на Универзитетот.

Универзитетот и сите вработени во него се должни да ги почитуваат правата од интелектуална сопственост на трети лица.

**Член 241**

Слободата на научното, уметничкото и стручно истражување, како и меѓусебната соработка и здружување претставува академска слобода којашто во согласност со Законот им припаѓа на сите членови на академската заедница.

Научнато-истражувачката, апликативната, стручната, уметничката и творечката дејност на Универзитетот се заснова врз следните начела:

- слобода и автономност на истражувањата и творештвото,
- поврзаност со образовниот систем,
- етичност,
- транспарентност во работата и дисеминација на резултатите,
- примена на меѓународни стандарди на квалитетот во науката,
- примена на европските стандарди,
- конкурентност и еднаквост на можностите,
- заштита на интелектуалната сопственост и
- применливост на резултатите.

Научно-истражувачката, апликативната, стручната, уметничката и творечката дејност е темелно право и обврска на вработените на Универзитетот и на неговите членови избрани во наставно-научни звања, научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања, утврдени со Закон, овој Статут и другите акти.

Научно-истражувачката, апликативната, стручната, уметничката и творечката дејност на вработените од став 2 на овој член се остварува преку:

1. преземање договорни обврски и работи на истражувачки програми, проекти, анализи, експертизи, советувања, мониторинг, клинички услуги, информациски и други услуги;
2. индивидуално истражување и творештво.

Универзитетот ја поддржува постојаната и професионална научно-истражувачка, апликативна, творечка, уметничка и стручна дејност на своите вработени и студенти од општ интерес и јавно ги претставува и ги објавува резултатите од таквата дејност.

Академскиот кадар има право да врши научно-истражувачка дејност и надвор од годишната програма на установата под услов исполнување на обврските кон установата во согласност со договорот за работа.

Вработените во рамките на утврдената академска слобода не смеат да дејствуваат спротивно на остварувањата на темелните задачи и мисија на Универзитетот утврдени со овој Статут, ниту можат да ги употребуваат името и амблемот на Универзитетот и неговите единици за комерцијални цели.

**Член 242**

Универзитетот, единиците, група вработени или поединци, предлагаат и договараат научни и апликативни проекти, како и професионални услуги со претходно обезбедена писмена согласност од Ректорот или од Деканот/Директорот.

Проектите од став 1 на овој член задолжително треба да ги задоволат критериумите на пропишаната процедура за поддршка на проекти, предвидена во акт на Сенатот на Универзитетот.

Професионалните услуги кои ги вршат единиците (експертиза, анализа, советување, мониторинг, клинички услуги, информациски и други услуги) се регулираат со нивните статути. Овие дејности се вршат со финансирање на заинтересираните странки. Приходите од овие дејности се сопствени приходи на единицата. Единицата може, заради мотивирање на истражувачите и останатиот персонал, еден дел од овие приходи да ги употреби за нивно наградување.

**Член 243**

Реализацијата на проектите на Универзитетот се врши во согласност со акти за реализација на проекти, усвоени од Сенатот на Универзитетот. Со овие акти се дефинира имплементацијата на проектот во согласност со правилата на програмата, администрирањето, финансискиот менаџмент и одговорноста за финансирањето на проектите.

Организациската, административната, техничката или другите видови помош на изведувачите на проектот, во зависност од видот на

активноста, ги обезбедува Универзитетот или единицата, односно договорниот нарачател во согласност со одредбите од договорот.

## XVIII. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

**Член 244**

Меѓународната соработка на Универзитетот е дел од исполнувањето на целите на високото образование во смисла на развивање меѓународна и научна соработка со странски високообразовни институции односно овозможување и промовирање мобилност на членовите на академската заедница во странски високообразовни установи. Таа е и дел од автономијата на управувањето, преку остварувањето на меѓународна соработка, склучувањето договори и учеството во меѓународни организации и асоцијации.

**Член 245**

Меѓународната соработка се остварува врз основа на програма којашто ја донесува Сенатот, во рамките на Годишната програма за работа на Универзитетот.

**Член 246**

Универзитетот може да ја остварува меѓународната соработка и преку единиците во својот состав.

Единиците во состав на Универзитетот можат да доставуваат предлози за остварување на меѓународната соработка.

**Член 247**

Условите, начинот и постапката за учество во проекти и нивната реализација во соработка со установи, институции и други субјекти, менаџирањето на проекти и други прашања од доменот на меѓународната соработка се регулираат според однапред дефинирана процедура предвидена во соодветните правилници и упатства за реализација на проекти на Универзитетот.

**Член 248**

Универзитетот склучува посебни билатерални и мултилатерални договори, спогодби и други форми на договори со други универзитети и/или установи, институции во коишто подетално се определуваат формите и начините за меѓусебната соработка.

**Член 249**

Институционалната и логистичката поддршка за интернационализацијата и за меѓународната соработка се обезбедуваат преку формирање сектори, одделенија, центри и други форми на организирање на Универзитетот со акт на Сенатот на Универзитетот.

**Член 250**

Меѓународната соработка опфаќа:

1. водење перманентна грижа за меѓународното позиционирање на Универзитетот на регионален, европски и глобален план,
2. реализација на стратешки определби и цели за интернационализација во областа на науката, високото образование, во областа на апликативните и други активности.

Реализацијата на интернационализацијата и во тој контекст меѓународната соработка подразбира диверзифицирани форми како што се:

- промоција и учество во меѓународни програми, меѓународни партнерства,
- членство во меѓународни асоцијации,
- учество во меѓународни проекти,
- остварување соработка со универзитети, национални и други академии, бизнис заедницата, јавни и приватни институти и центри и други субјекти заради унапредување на високообразовната, научно-истражувачката и апликативна дејност,
- организирање меѓународни научни конференции,
- организирање и унапредување на мобилноста на студенти и академски и други кадри,
- организирање и реализирање меѓународни студиски програми,
- промоција и унапредување на европската димензија во високото образование,
- учество на научни собири, симпозиуми, конференции,
- размена на научни и стручни публикации и научни информации,
- организирање зимски/летни школи,
- организирање студии надвор од Република Северна Македонија,
- промовирање, иницирање и реализација на протоколарни настани и иницирање, организирање и водење постапки за доделување почесни звања на Универзитетот,
- други активности со меѓународен карактер,
- други форми на високообразовни, научно-истражувачки, апликативни, стручни, уметнички и други активности.

**Член 251**

Одредбите од оваа глава соодветно се применуваат и за меѓууниверзитетската соработка во земјата.

## XIX. ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

**Член 252**

Издавачката дејност на Универзитетот се остварува преку годишни и долгорочни издавачки планови, коишто се носат во согласност со овој Статут и Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот. Издавачката дејност се остварува преку издавање учебници, учебни помагала, монографии, студии, списанија, годишници, зборници, гласила и друга прирачна литература, како и издавање соодветни обрасци за потребите на Универзитетот.

**Член 253**

Изданијата задолжително се рецензираат, а рецензиите задолжително се објавуваат во Билтенот на Универзитетот.

**Член 254**

Единствените основи за издавачката дејност на Универзитетот и на единиците поблиску се утврдуваат со Правилник што го донесува Сенатот.

## XX. НАСТАВНО-НАУЧНИ, НАСТАВНО-СТРУЧНИ, НАСТАВНИ, НАУЧНИ И СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА

***Наставно-научни области во коишто се врши избор***

**Член 255**

Наставниците во наставно-научни звања се избираат во наставно-научните области утврдени според стандардите утврдени во Фраскатиевата класификација во согласност со Законот за високото образование и Правилник на Универзитетот.

Конкретната припадност на секоја наставна дисциплина на одредена наставно-научна област ја утврдуваат единиците на Универзитетот.

Соработниците (асистенти, уметнички соработници и стручни соработници) и демонстраторите се избираат за научни, односно уметнички области, утврдени со Фраскатиевата класификација во согласност со Законот за високото образование и Правилник на Универзитетот.

Соработниците не можат самостојно да изведуваат настава и да спроведуваат испити.

Соработниците во наставно-образовниот процес учествуваат преку изведување на вежби и консултации во согласност со студиската програма.

Соработниците помагаат при спроведувањето на писмените испити и колоквиуми.

***Престанок на работен однос пред истекот на времето за кое е избрано лицето во наставно-научно, научно, наставно и соработничко звање***

**Член 256**

Лицето избрано во наставно-научно, наставно, наставно-стручно и соработничко звање е должно постојано научно, односно стручно да се усовршува и докажува, успешно да ја остварува високообразовната и научно-истражувачката дејност, да придонесува за создавање наставно-научен подмладок, да се грижи за успешно остварување на студиските програми и да придонесува за развојот, односно примената на научната дејност за која е избран.

На лицето, избрано во наставно-научно, наставно, наставно-стручно и соработничко звање може да му престане изборот и работниот однос и пред истекот на времето за кое е избрано, под услови и постапка уредени со Закон и овој Статут, ако се утврди дека подолго време не ги исполнува обврските, ако ги попречува законските и статутарните активности на факултетот, научниот институт, Универзитетот, или ги попречува другите членови во остварувањето на нивните права и извршувањето на должностите во установата, ако престанале да постојат основните услови врз основа на кои е извршен изборот.

**Член 257**

Иницијатива за предвремено престанување на изборот, односно престанок на работниот однос може да покрене Ректорот, Деканот на факултетот, Директорот на високата стручна школа или органот на внатрешната организациона единица на факултетот.

Одлуката за престанок на изборот и работниот однос пред истекот на времето за кое е избрано лицето во наставно-научно, наставно или соработничко звање донесува органот кој го избрал врз основа на реферат на комисија составена од три редовни професори во рок од најмалку 15 (петнаесет) дена, но не подоцна од 30 (триесет) дена од објавувањето на рефератот во Билтенот на Универзитетот.

Комисијата најдоцна во рок од 90 (деведесет) дена од нејзиното формирање до органот кој го извршил изборот во наставно-научно, наставно и соработничко звање, поднесува реферат за лицето за кое се бара предвремен престанок на изборот, којшто се објавува во Билтенот на Универзитетот.

Лицето од член 256 став 2 има право на приговор до органот кој одлучувал за престанокот на изборот, во рок од 8 дена од приемот на одлуката за престанок на изборот.

Ако приговорот биде одбиен, лицето од претходниот став има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на одлуката, до Универзитетскиот сенат, кој формира комисија од три члена, составена од редовни професори од иста или сродна научна област од која е подносителот на жалбата, од кои најмалку два члена се од друга високообразовна установа. Комисијата поднесува реферат во кој дава оцена за изборот и за евентуалните дисциплински повреди. Сенатот одлучува во рок од 30 (триесет) дена од приемот на жалбата.

Одлуката на Универзитетскиот сенат е конечна.

**Член 258**

Предвремениот престанок на изборот во наставни-научни, наставни, или соработнички звања, по било кој основ, не може да ги доведе во прашање претходно остварените права стекнати до прекинот на изборот.

**Член 259**

Доколку дојде до поништување/укинување на одлуката за избор или прекин на работниот однос на наставникот/соработникот по било кој основ, не може да бидат доведени во прашање стекнатите права на студентите, соработниците, наставниците, како и одлуките коишто се носени во соодветните тела и органи на единицата, односно Универзитетот, во чијашто работа учествувал наставникот/соработникот.

**Член 260**

Предвремениот престанок на избор во научни звања и соработници-истражувачи се врши во согласност со Законот за научно-истражувачката дејност.

***Право на вршење дејност во друга високообразовна установа***

**Член 261**

Лице од една единица на Универзитет може да врши високообразовна дејност во друга единица на Универзитет во звањето во кое е избрано на иста или сродна наставно-научна област, во согласност со статутот на единицата. Лицето може да изведува настава во друга единица на Универзитетот во рамките на максимално дозволениот број предмети на прв циклус студии и максимално дозволениот број предмети на втор циклус студии врз основа на одлука на наставно-научниот совет.

Лице од еден универзитет може да врши високообразовна дејност во единица на друг универзитет во звањето во кое е избрано на иста или сродна наставно-научна, област, врз основа на согласност на Сенатот, дадена по претходно мислење на Наставно-научниот совет на единицата на Универзитетот.

Лицето може да изведува настава на единица на друг универзитет во рамките на максимално дозволениот број предмети на прв циклус студии и максимално дозволениот број предмети на втор циклус студии, врз основа на одлука на Универзитетски сенат.

Сенатот ја донесува одлуката врз основа на барање на единицата којашто има потреба од ангажирање на лицето, по претходно мислење на Наставно-научниот совет поткрепено со документација за исполнетоста на условите за вршење дејност на друга единица.

Сенатот при одлучувањето за давање на согласноста од став 2 од овој член поаѓа од тоа дали со другиот универзитет е склучен договор за соработка, дали ангажирањето на наставникот ќе го наруши нормалното одржување на наставата на матичниот факултет и дали севкупното ангажирање на наставникот е во рамките на законот.

***Визитинг наставници***

**Член 262**

По покана на Наставно-научниот/Наставничкиот совет на високообразовната установа, наставници од акредитирани високообразовни установи, признати научници и истакнати уметници од земјата и странство, можат како гости, без распишување на конкурс, да извршуваат високообразовна и научно-истражувачка дејност за одредено време.

Визитинг професор може да престојува најмногу две последователни академски години.

Визитинг професорот не може да врши оценување на студентите.

Визитинг професорот може да биде ангажиран доколку ги исполнува следните услови:

- има избор во областа во која е научната дисциплина,
- остварени резултати во развојот на соодветната наставно-научна дејност,
- меѓународна научна репутација во областа во која работи.

Ангажманот од ставот 1 на овој член се уредува со договор склучен помеѓу единицата и визитинг наставникот.

### *Афирмирани научници, стручњаци од практиката и уметници*

### Член 263

Наставно-научниот/Научниот, односно Наставничкиот совет може да покани афирмирани научници, стручњаци од практиката и уметници, без оглед на исполнетоста на условите утврдени со закон и актите на Универзитетот за избор како специјалисти и експерти, да изведуваат одделни делови од наставен предмет.

Лицата од став 1 на овој член треба да ги исполнуваат следниве услови:

1. да имаат завршено најмалку четиригодишни додипломски студии,
2. да имаат потврдени резултати во областа во која се ангажираат да изведуваат настава,
3. да достават програма за реализацијата на стручните аспекти на прашањата и проблемите од наставниот предмет.

Лицата од став 1 на овој член наставата ќе ја изведуваат во координација и соработка со предметниот наставник најмногу 1/3 (една третина) од семестарот.

Лицата од став 1 на овој член не можат да вршат оценување на студентите.

### *Почесен професор*

### Член 264

Истакнат професор на универзитет од Република Северна Македонија или од странство, којшто дал посебен придонес за развојот на високообразовната дејност, може да се стекне со звање Почесен професор (Professor honoris causa) на Универзитетот, ако:

1. со својата наставно-образовна, научно-истражувачка и апликативно–стручна дејност има потврдена меѓународна афирмација и углед,
2. дал придонес во создавањето наставно-научни и наставни кадри на Универзитетот,
3. учествувал во наставата на додипломски и постдипломски студии и бил ментор во изработка на магистерски и докторски дисертации на Универзитетот,
4. учествувал во заеднички научно-истражувачки проекти на Универзитетот или единица во состав на Универзитетот,
5. придонел за воспоставување и развивање на меѓународната соработка на Универзитетот во странство, со вклучување наставно-научни работници и единици на Универзитетот во изработка на научни проекти, учество на научни собири, членство во научни и образовни институции и асоцијации и сл.,
6. придонел во создавањето и јакнењето на материјалните и финансиските претпоставки за забрзан развој на високообразовната, научно-истражувачката, наставно-образовната, уметничката и применувачката дејност.

**Член 265**

Иницијатива за доделување звање Почесен професор дава Ректорот на Универзитетот, Деканот на факултетот, односно Директорот на високата стручна школа и научниот институт во состав на Универзитетот до Наставно-научниот/Научниот, односно Наставничкиот совет.

Доколку Наставно-научниот/Научниот, односно Наставничкиот совет позитивно ја оцени иницијативата на Ректорот, Деканот, односно Директорот, се формира рецензентска комисија.

**Член 266**

Рецензентската комисија изготвува извештај во којшто дава соодветен предлог и истиот се објавува во Билтенот на Универзитетот.

**Член 267**

Врз основа на извештајот на рецензентската комисија, Наставно-научниот/Научниот, односно Наставничкиот совет, утврдува предлог-одлука за доделување на звањето Почесен професор на Универзитетот. Во одлуката предлогот од рецензентската комисија може да се прифати или одбие.

Врз основа на позитивно прифатениот предлог од претходниот став, Сенатот донесува одлука за доделување на титулата Почесен професор на Универзитет.

Одлуката на Сенатот е конечна.

### *Почесен доктор на науки*

**Член 268**

На истакнати научни, културни, деловни и други лица од земјата и странство, кои со своите дела дале посебен придонес за развојот на научната мисла, културата, или на друг начин придонеле за развојот на високото образование, на предлог на Ректорот, Наставно-научниот совет/Научниот, односно Наставничкиот совет, Универзитетот може да им додели титула Почесен доктор на науки (Doctor honoris causa).

Предлогот за доделување титула Почесен доктор се доставува до Комисијата за настава и обезбедување квалитет и Комисијата за наука и меѓународна соработка.

Ако комисиите од претходниот став на заедничка седница позитивно го оценат предлогот, формираат Рецензентска комисија која поднесува извештај. Извештајот се објавува во Билтенот на Универзитетот.

Извештајот на Рецензентската комисија се доставува до Ректорската управа, која дава мислење до Сенатот за доделување титула Почесен доктор на науки на Универзитетот.

Одлуката за доделување титула Почесен доктор на науки ја донесува Сенатот.

Одлуката на Сенатот е конечна.

**Член 269**

Промоцијата на Почесен професор и Почесен доктор на науки се врши јавно и на свечен начин и со неа претседава Ректорот.

**Член 270**

На промовираните Почесен професор и Почесен доктор на науки, Ректорот им врачува диплома.

Дипломата за Почесен професор и Почесен доктор на науки ја потпишува Ректорот на Универзитетот во случај кога предлагач е истиот, односно Ректорот и Деканот, односно Директорот, кога предлагачи се единиците.

**Член 271**

Дипломата содржи: назив на Универзитетот, назив на единицата, кратко образложение на достигнувањата заради коишто се доделува звањето Почесен професор и титулата Почесен доктор на науки.

**Член 272**

Централната стручна и административна служба на Универзитетот води книга на евиденција за почесни професори и почесни доктори на науки на Универзитетот.

***Професор емеритус***

**Член 273**

Универзитетот може, на предлог на Наставно-научниот совет односно Научниот совет на единицата, по иницијатива на самиот кандидат, внатрешна организациона единица на единицата или 5 (пет) члена на Наставно-научниот/Наставниот совет да му додели звање Професор емеритус на редовен професор во пензија, кој посебно се истакнал со својата научна, односно уметничка работа, кој стекнал меѓународна репутација и постигнал резултати во обезбедувањето на наставно-научен и соработнички подмладок во област во која е избран.

Вкупниот број на професори емеритус не може да биде повеќе од 5% од вкупниот број на наставници на Универзитетот.

Професор емеритус може да учествува во изведувањето на настава на втор и трет циклус на студии, во областа во која е избран.

Предлогот, на заедничка седница, го разгледуваат Комисијата за настава и обезбедување квалитет и Комисијата за наука и меѓународна соработка.

Комисиите даваат предлог за прифаќање или одбивање на предлогот.

Доколку предлогот биде прифатен, Наставно-научниот совет, односно Научниот совет на единицата формира рецензентска комисија.

Рецензентската комисија изготвува извештај со предлог.

Извештајот со предлогот на рецензентската комисија се објавува во Билтенот на Универзитетот.

Предлогот и извештајот се доставуваат до Ректорската управа, која дава мислење до Сенатот.

Одлука за доделување на звањето Професор емеритус донесува Сенатот.

Професор емеритус има право да му се обезбедат соодветни просторни услови, техничка и административна поддршка на единицата на Универзитетот.

Поблиски одредби за условите, критериумите и постапката за избор во звањето Професор емеритус донесува Сенатот на Универзитетот.

### *Платено и неплатено отсуство и сабатна година*

### Член 274

На лице избрано во наставно-научно, наставно-стручно, научно, наставно и соработничко звање на негово барање, на секои 5 (пет) години, високообразовната установа може да му одобри платено отсуство во траење до 1 година, односно неплатено отсуство во траење до 3 години заради стручно усовршување, односно истражување во соодветната научна, односно уметничка област или за престој во соодветна институција, при што неговите обврски во наставата се прераспределуваат во зависност од потребите и можностите на институцијата.

Платеното односно неплатеното отсуство, лицата од став 1 можат да го користат доколку:

- се во работен однос на единица на Универзитетот;
- отсуството го користат за стручно усовршување што ќе биде во функција на професионален развој или унапредување на квалитетот на наставниот односно научно-истражувачкиот процес;
- отсуството го користат за реализирање истражувања во соодветната научна, односно уметничка област;
- отсуството го користат за престој во соодветна институција заради реализирање соодветни студии (докторски студии, постдокторски студии и сл.) или вршење наставна, односно научно-истражувачка дејност во странство;
- со отсуството да е обезбедено да не се нарушува процесот на наставната односно научно-истражувачката дејност на единицата.

Правата од став 1 од овој член поблиску се уредуваат со посебен Правилник на Универзитетот.

### *Престанок на работен однос поради исполнување на услови за пензија*

### Член 275

Редовен професор во пензија може да изведува настава на студиите од трет циклус и да биде ментор на докторски студии, како и да работи на научно-истражувачки проекти.

Професорот ќе биде ангажиран за дисциплина, односно област во која бил последен пат избран.

Потребата за ангажирање ја утврдува Наставно-научниот совет за секоја учебна година.

Обемот на неговото учество се утврдува со договор меѓу единицата и редовниот професор во пензија.

## XXI. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

### Член 276

Работата на Универзитетот е јавна.

Седниците на органите на Универзитетот се јавни и достапни на средствата за јавно информирање.

По исклучок, кога на седниците на органите на управување се расправа за прашања што претставуваат службена, деловна или воена тајна, во согласност со Законот за класифицирани информации, јавноста може да биде изземена со одлука на органот на управување.

### Член 277

За работата на Универзитетот, за одлуките на органите на управување на Универзитетот и воопшто за својата дејност, Универзитетот ја известува јавноста преку средствата за јавно информирање, универзитетскиот весник, универзитетското радио, како и на друг соодветен начин.

Универзитетот издава Билтен како службено гласило на Универзитетот, а по потреба издава и други изданија.

Поблиски одредби за издавањето на јавното гласило Билтен донесува Ректорската управа.

Универзитетот има своја веб-страница во интернет мрежата, преку која се обезбедува достапност на релевантни податоци и информации од дејноста и работењето на Универзитетот и единиците во негов состав.

### Член 278

Билтенот е службено гласило на Универзитетот и во него се објавуваат: рецензии за избор во наставно-научни, наставно–стручни, наставни, научни и соработнички звања, рецензија на ракописи, акти и други одлуки и извештаи во согласност со актите на Универзитетот.

По потреба, Универзитетот може да издава и други јавни гласила.

Одлука за тоа донесува Ректорската управа.

### Член 279

Ректорот на Универзитетот, а во негово отсуство проректорот овластен од Ректорот, лицето одговорно за односи со јавноста или други

лица овластени од Ректорот, даваат известувања преку средствата за јавно информирање, за прашања кои се однесуваат на Универзитетот.

**Член 280**

За деловна тајна на Универзитетот се сметаат документите и податоците што се утврдени со посебна одлука на орган или врз основа на закон.

Универзитетот ги чува како тајна, документите и податоците што надлежен орган ги прогласил за деловна тајна и му ги доставил како доверливи, а се од областа на одбраната, документи од меѓународната соработка, кои претставуваат класифицирани информации и се класифицирани со одреден степен на класификација, во согласност со Закон, а се од посебно општествено-економско значење во согласност со законот.

**Член 281**

Ректорот или лице овластено од него, на други овластени лица, може да им ги соопшти документите и податоците од областа на одбраната што се сметаат за класифицирани информации и се класифицирани со одреден степен на класификација, во согласност со Закон.

Секој вработен во Универзитетот е должен да ја чува деловната тајна како и документите и податоците, кои се класифицирани информации во согласност со Закон, ако на кој и да било начин дознал за нив.

**Член 282**

Во работата на Универзитетот и единиците во негов состав се придржуваат кон прописите за заштита на лични и други податоци.

## XXII. НОРМАТИВНА ДЕЈНОСТ

**Член 283**

Универзитетот ги донесува следниве општи акти:

1. Статут на Универзитетот,
2. Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот,
3. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање за прв циклус на студии на Универзитетот,
4. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање за втор циклус на студии на Универзитетот,

5. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање за трет циклус на студии на Универзитетот,
6. Правилник за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица во состав на Универзитетот,
7. Правилник за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот,
8. Правилник за поддршка на развојот на надарените и талентираните студенти,
9. Упатство за начинот на оценување на колоквиумите и други форми на континуирано оценување, како и формата на евиденција на постигнатите резултати,
10. Правилник за образование и стручно усовршување на вработените на Универзитетот,
11. Етички кодекс на Универзитетот,
12. Правилник за мобилност на универзитетите во земјата и во странство на Универзитетот,
13. Правилнок за мобилност на студентите од една на друга единица на Универзитетот односно од една на друга високообразовна институција во земјата и странство,
14. Правилник за издавањето на дипломи, додаток на дипломи, стручен, односно научен назив и други документи за завршени студии на високо образование и за условите и постапката за одземање на издадената диплома,
15. Правилник за начинот на кој се вршат стручно-административните работи од заеднички интерес за единиците на Универзитетот,
16. Правилник за организирање на издавачката дејност на Универзитетот,
17. Правилник за постапката и начинот на промоција на кандидатите кои се стекнале со научен степен доктор на науки,
18. Правилник за објавување на актите на Универзитетот и единиците во негов состав во Билтенот на Универзитетот,
19. Правилник за обезбедување квалитет на Универзитетот
20. Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот и неговите единици,
21. Упатство за студентска анкета на Универзитетот и единиците,
22. Правилник за начинот и постапката за пресметување, уплата и распределба на средствата за остварување на интегрираните и другите дејности на Универзитетот,
23. Правилник за начинот и постапката за пресметување, уплата и распределба на средствата за солидарен фонд и претфинансирање и подршка на проекти,
24. Правилник за внатрешната организација на Централната стручна и административна служба на Универзитетот,

25. Правилник за систематизација на работните места во Централната стручна и административна служба на Универзитетот,
26. Правилник за плати и други надоместоци за вработените во Централната стручна и административна служба на Универзитетот;
27. Програма за инвестиции на Универзитетот,
28. Правилник за работата и месечниот надомест на овластеното лице за прием на пријави на корупција,
29. Деловници за работа на Сенатот и Ректорската управа,
30. Правилник за работата на Центарот за кариера на Универзитетот,
31. Правилник за условите за упис на студиски програми на лицата кои не завршиле еднакво образование во странство,
32. Правилник за можните начини за проверка на знаењето на студентот,
33. Програма за обезбедување на технологија и/или адаптација на просторот во кој се одвива наставата заради овозможување и пристап до високото образование на лицата со попреченост,
34. Програма за меѓународна соработка,
35. други акти во согласност со закон и овој Статут.

***Постапка за донесување на општите акти на Универзитетот***

**Член 284**

Нацрт-општите акти на Универзитетот ги подготвуваат работните тела на Универзитетот.

**Член 285**

Откако Ректорската управа ќе го утврди Нацрт-општиот акт, истиот се доставува на јавна расправа во единиците во состав на Универзитетот и придружните членки кога се однесува на нив.

Врз основа на мислењата и предлозите на единиците од претходниот став и придружните членки, соодветното тело на Универзитетот подготвува предлог на општиот акт.

Предлогот на општиот акт се доставува до Универзитетскиот сенат за донесување, односно до Ректорската управа, кога таа го донесува општиот акт.

**Член 286**

Измените и дополнувањата на општите акти се вршат на начин и постапка според коишто се донесуваат.

**Член 287**

Статутот и другите општи акти на Универзитетот и единиците во неговиот состав се објавуваат во јавното гласило-Билтен на Универзитетот.

Општите акти стапуваат во сила најрано со денот на објавувањето во јавното гласило-Билтен на Универзитетот.

**Член 288**

Толкување на одредбите на овој Статут дава Сенатот.

## XXIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 289**

Со денот на влегување во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола донесен на 27.12.2008 година со Одлука бр. 07-1379/3 и Статутарната одлука за изменување на Статутот на Универзитетот донесена на 26.12.2014 година со Одлука бр. 07-1720/5-1.

**Член 290**

Овој Статут влегува во сила со денот на објавувањето во Билтенот на Универзитетот, а ќе се објави по добивањето согласност од Собранието на Република Северна Македонија.

**Проф. д-р Сашо Коруновски**
**Р е к т о р**
**Претседавач на Сенат**